
РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

ГОДИНА XXIX, БР. 156 (1/2025)

СТОЖЕР

dpm-pisateli.mk/stozer



ISSN 1409-6005

ИНТЕРВЈУ СО ОГНЕНА НИКУЉСКИ

СЕЌАВАЊА ЗА МАТЕЈА МАТЕВСКИ, БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА И ИЛХАМИ ЕМИН

80 ГОДИНИ МАКЕДОНСКО ИЗДАВАШТВО НЕКОГАШ И ДЕНЕС
Бисера Бендевска



„Историја на Александар Македонски“, Репозиториум на ракописи Матенадеран, Ереван, Ерменија

СОДРЖИНА

03. **Воведно обраќање**
Славчо Ковилоски
04. **Интервју со Огнена Никуљски**
09. **Песни**
Ристо Лазаров
11. **Раскази**
Габриела Стојаноска-Станоеска
12. **Песна**
Гого Ивановски
13. **Песни**
Каљош Челику
14. **Согледба за Матеја Матевски**
Иван Џепароски
16. **Песна**
Весна Ацевска
17. **Комеморативен збор за Бистрица Миркуловска**
Вера Стојчевска-Антиќ
16. **Песна**
Бистрица Миркуловска
19. **Сеќавање за Илхами Емин**
Лејла Шериф Емин
21. **Песни**
Анита Бошкова
22. **Песни**
Анастас Ќушкоски
23. **Став**
Бисера Бендевска
25. **Расказ**
Петар Петрески
27. **Песни**
Лидија Дочовска Павловска
28. **Осврт**
Виолета Танчева-Златева
30. **Расказ**
Ресул Шабани
32. **Песни**
Весна Дамчевска Илиевска
33. **Осврт**
Гордана Јовиќ-Стојковска
34. **Песна**
Санде Стојчевски
35. **Студија**
Драгана Евтимова
36. **Песна**
Снежана Стојчевска
37. **Песни**
Рифат Емин
38. **Песни**
Румјана Пупавац
40. **Песни**
Цветанка Невчева

Пишува: Славчо Ковилоски, главен и одговорен уредник

ЕДЕН ЕРМЕНСКИ РАКОПИС „ИСТОРИЈА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“

821.163.3-4



41. **Осврт**
Александра Јуруковска
42. **Песна**
Ацо Караманов
42. **Песни**
Жељка Аврић
43. **Манифестација „Нов духовен мост“**
43. **IN MEMORIAM**
Наум Бајо
44. **Хроника на ДПМ/ Книжевни вести**
45. **Стрип**
46. **Стари фотографии**

Некои книжевни, фолклорни и историски теми отсекогаш буделе повеќе внимание од други. Доказ дека за некои личности од историјата светот навистина не познава граници е ликот и делото на Александар Македонски, за кој толку е пишувано, што може да ни се причини дека знаеме речиси сè за него. А не знаеме.

Ракописот за којшто ќе стане збор се чува во Истражувачкиот институт, музеј и репозиториум на стари текстови „Матенадаран“ во Ереван, Ерменија, земја што има многу слична судбина со македонската, а толку различна во однос на себеприфаќањето и умешноста да се зачува науката, традицијата, културата, уметноста, историјата. Сиромашна земја е Ерменија, но богата со дух, за полнење очи и полнење душа. Значи, за време на мојот научноистражувачки престој во Ерменија, односно во „Матенадаран“, имав можност да се запознаам со начинот на организирање, чување и употреба на старите ракопис. А во него се чуваат повеќе од 23.000 ракописи, папируси и ролни од секакво потекло: Персија, Тибет, Кина, Јапонија, латински, словенски, арапски, грчки и текстови на најразлични јазици. Можноста да се проучува системот на организација е беспрекорен и е рамен на најзначајните светски институции од типот на Ватиканската библиотека. Мала дигресија: и ние имаме средновековен роман за Александар; и ние имаме отпечатена книга „Претсказание за Голем Александар“ од 19 век. Имаме и уште многу, многу повеќе од некои други, легенди, преданија, народни приказни и песни.

И колку и да е човек рамнодушен, кога во огромните збирки ќе го види ракописот „Историја на Александар Македонски“, не може да не почувствува возбуда. Макар и поради стари заблуди и романтичарски привидениија, рацете затреперуваат, телото го обзема некаква топлина, а гласот станува пискав: „Леле, леле, леле...“ Во купиштата непознати приказни, јазици и азбуки, се наоѓа нешто блиско, нешто што предизвикува очигледно поголем интерес во однос на другите, навистина убави ракописни изданија.

Инаку, книгата е напишана со ерменско писмо и на ерменски јазик, сосема неразбирлив за нас, но со помош на ерменските соработници може да се дојде барем до основните информации за да може да се започне со градење некаква приказна. Ракописот потекнува од 17 век и претставува препис на дело напишано на грчки јазик, а чија основа, најверојатно, се наоѓа во истоименото дело напишано од Квинт Куртиј Руф, а објавено на латински јазик. Книгата е испишана со црвено и со темно мастило и има прекрасни илуминации во кои доминираат силни, јаки бои (црвена, бордо, сина и окер), во кои е претставен Александар и неговите битки, кои се многу експлицитни, па изобилуваат со прикази на разни свирепости. Како што дознав, постои уште една ваква книга, односно слична на неа, што потекнува од 14 век, но којашто е побогата со минијатури, а потекнува од сцкиптрски центар во планините на Киликија, денес во Турција. Разгледувањето на таа книга, се тешам, ќе го остварам другпат.

Она што на еден истражувач што доаѓа од земја во која малку се знае за ерменската култура може да му се види интересно е што освен оваа и ваква историја, Ерменците се автори на повеќе од осумдесетина други ракописи посветени на македонскиот војсководец, посветени на „Александровата романса“ (или „Романсата на Александар“), а најраните потекнуваат од 13 и од 14 век.

Од каде интересот на Ерменците за Александар? Зошто толкаво внимание му е посветено нему? Кои се книжевните центри од кадешто потекнуваат сиве овие ерменски ракописи? Безбројни се прашањата. А темата за Александар Македонски само ја потврдува својата универзалност и безвременост.



Интервју

811.163.3'255.4(047.53)

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК Е ТОЛКУ БОГАТ ШТО МИ ГО ОДЗЕМА ЗДИВОТ

ИНТЕРВЈУ СО ОГНЕНА НИКУЉСКИ

Лилјана Пандева

Огнена Никуљски е позната македонска преведувачка од шпански и англиски на македонски јазик. Лектор по шпански јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, уредник во културната редакција на Третата програма на Радио Скопје, еден од основачите на Здружението на преведувачи на Република Македонија, а еден мандат и негов претседател.

Вие сте позната преведувачка во македонската книжевност. Зад себе имате преводи на романи, есеи, поезија од шпански и од англиски на македонски јазик, но и обратно, на шпански и на англиски јазик. Оттука неминовно се поставува прашањето како изгледа процесот на преведувањето од странски јазик на Вашиот мајчин јазик и дали има разлика кога преведувате од македонски на еден од посочените странски јазици?

За да се одважите да работите книжевен превод треба темелно да ги познавате и двата јазика, и оној на кој преведувате и оној од кој преведувате. За да проникнете во различните слоеви на литературното дело мора да имате развиено осет и за финесите на секој од јазиците, она што го прави посебен, различен. Многу е битно да умеете да ги препознаете и потоа преточите стилските изрази, ритамот, нијансите, и она што стои зад нанижаните зборови. Фигуративно кажано: да знаете како дише прво јазикот, потоа и авторот. Затоа што авторот ги имал на располагање сите зборови, сите изразни средства и нијанси, а ги одбрал тие што ги ставил на хартија со одредена цел. Таа цел и тие изразни средства преведувачот треба да ги открие и потоа да трага по нив во јазикот на кој преведува. Без такво содејство не е можен превод, особено книжевен.

Лично сум многу посигурна кога преведувам на мојот мајчин јазик, на нашиот убав македонски казик, тој е дел од моето битие. Другите јазици се научените, дополнително всадени во мојот систем. И тоа јасно го гледам во текот на преведувањето. Процесот е ист, разликата е во сигурноста, во леснотијата во изнаоѓањето решенија, барем за мене. Тие полесно ми доаѓаат кога преведувам на мајчиниот јазик. Веројатно затоа што и го живеам во секојдневието. И полесна ми е проверката, потврдата. Некако природно излегуваат на виделина зборовите, изразите, поимањата всадени во мене во текот на животниот век. За некои дури и не сум свесна дека сум ги имала во себе. Чуден е човечкиот ум.

Во научените јазици ми се јавува поголем сомнеж во изнајденото решение и имам потреба од пообемно истражување. Особено кога се работи за периоди што одминале, што ги знам од историјата. Нашата ми е многу поблиска од таа на научените јазици и полесно ми оди. Кај научените морам повеќе да читам за периодот, за начниот на живот во тоа време, за тогашните вредности. Тој процес на истражување ме збогатува како човек со сознанија што ги добивам а како преведувач, со вештина во изнаоѓањето решенија.

Исто така, многу е важно да го одржувате жив и наученият јазик. Да следите што се случува во него. И да копате по минатото. Добро е да има преведувачот и контакт и соработка со авторот, да си разјасни некои дилеми токму со него. Но, тоа е ретка можност. Затоа треба да има барем некој роден говорител на наученият јазик, за проверка. Доколку нема, ќе мора да се потпре на своите истражувачки способности, денес олеснети со интеретот, со технологијата.

Младите генерации ова го имаат уште од првите чекори во преведувањето. Јас го учев веќе возрасна, привлечена од придобивките и олеснувањата што ги носи, почнувајќи од пишувањето на машина и преработката кога ќе најдеш, во текот на преведувањето, подобро решение и мора да ги пречукаш на машина дотогаш преведените страници. Леснотијата со која тоа денес се прави ме одушевува. Ми остава повеќе време за размисла, за избор од варијатните добиени со истражувањето, повеќе време за препрочитување, премислување, преправање. А нив секогаш ги има. И тоа е добро.

Порано, кога јас почнував, собиравме речници и ги сметавме за богатство. Конкурентска предност. Денес многу лесно влегувате во стотици речници на интернет и истражувањето е многу полесно. Сега

конкурентската предност лежи во тоа колку сте вични во пребарувањето на интернет.

Секое книжевно дело е свет за себе. Кај некои богатството е во начинот на кој се раскажува приказната. Во друго, јазикот. Во трето, преметнатото време што бара особено внимание. Натаму, има дела во кои светот не е овој што го знаеме и бара да си го замислуваме отсликаниот. И често, да коваме нови зборови. За да можеме да ги откриеме сите овие нијанси, ние, преведувачите мора да имаме и широчина и проникливост. И сестраност. Но, сепак, главна е дарбата. Без неа нема процес, нема пресоздавање, нема добар превод.

„Најголемиот предизвик, според мене, е да го најдеш оној збор во јазикот на кој преведуваш што ќе ја одрази истата, всушност што е можно поблиску, историја, култура и гледањето на светот на народот од чиј јазик преведуваш“

Кои се, според Вас, најголемите предизвици на преводот?

Зборот е чудна работа. Во себе содржи историја, култура, гледање на светот на народот што го искував. Најголемиот предизвик, според мене, е да го најдеш оној збор во јазикот на кој преведуваш што ќе ја одрази истата, всушност што е можно поблиску, историја, култура и гледањето на светот на народот од чиј јазик преведуваш. За тешкотијата да биде уште поголема зборот има свои неколкубројни значења, зависно од контекстот во кој е употребен. Преведувачот треба да го открива најсоодветното за текстот што го пренесува. Покрај тоа, треба да води сметка за природата на зборот, да го смести на соодветното ниво на говор – не е исто дали зборува просјак или филозоф. Треба да го најде соодветното јазично ниво, од науката нарекувано како регистар. Притоа треба да го има предвид и ритамот на оригиналот, читателот да не добие чувство дека чита превод туку дека чита оригинал. Само така ќе го испочитува авторот и текстот. Ќе пресоздаде дело во кое суштествува и оригиналот. И ќе ја збогати ризницата на јазикот на кој преведува.

Квалитетот на преводот многу зависи и од тоа колку жив го одржуваш јазикот, кој било од тие што ги знаеш. Затоа што тој се менувал и се менува како што се менувал или менува светот. И изразните средства. Еден е јазикот во Средниот век, друг во ренесансата... и оној што денес се зборува или пишува. Ние немаме литература од некои од тие периоди на која би можеле да се потпреме. Низ некои периоди не сме ни минале. Китнестиот јазик на барокот нема свој партнер во македонскиот. Преведувачот тоа мора да го има предвид и да биде креативен.

Кај нас, во македонскиот, често е тешко да се постигне тоа враќање назад или во делови од животот што кај нас ги немало и ги нема. На пример, немаме аристократија што би била одразена во пишан збор. Имаме одлична сточарска терминологија, скудна поморска. Бара многу истражување и понекогаш и ковање нови зборови.

Многу е важно и да се запознаете со период во кој пишувал или за периодот за кој пишува авторот. Да знаете дека утијата е сега веќе стар збор, речиси надвор од употреба. Да го користите место денешната пегла во дела во кои ќе биде соодветен, во времиња кога развојот на технологијата бил уште на степен кога се пеглало со вжарен јаглен ставен во метален сад. И да го избегнувате, иако е многу убав збор, кога преведувате дело од современието, од поново време.

Друг проблем се дијалектите. Треба да истражите во кој културолошки контекст суштествува дијалектот, во какво опкружување и потоа да барате соодветен во јазикот на кој преведувате. Не кој било, туку вистински соодветниот. Не треба скопскиот говор да го ставите во некое село. Треба да водите сметка дали дијалектот функционира во голем град, ако се работи за доселеник од внатрешноста. Тука секогаш барам помош од роднини, пријатели, познаници оти ниеден дијалект не ми е добро познат. Да не зборувам за научените јазици. Бара многу истражување, да изнајдеш пишан збор на дијалектот и од таму да црпиш информации. Денес е тоа значително полесно, преку интернетот. Порано, сериозен проблем. И многу главоболки.

Тој предизвик да копаш по јазиците и јазичното наследство на својот и на научениот јазик ми е посебен ментален и душевен предизвик. И голема радост кога потфатот ќе биде успешен.

Во тој контекст, кој превод Ви бил најпредизвикувачки?

Најголем предизвик? Не би можела да издвојам, секој превод си е предизвик за себе. „Растењето на Лулу“ од Алмудена Грандес ми беше предизвик во однос на варијанти за именување на интимните делови на мажите и жените и безобразноста, „Седумтемина луди“ од Борхес и Касерес поради јазичниот мозаик од кој не смее ништо да се пренебрегне, „Животот е сон“ поради стихуваниот израз, „Јас, Врховниот“ на Роа Бастос со ептен долгите реченици...

Најголемото задовоство ми доаѓа кога ќе видам дека тоа што сум го превела одекнува кај читателите, кога немаат свест дека се работи за превод.

Колку оригиналот влијание на преведувачот, и колку преведувачот остава од себе во преводот?

Процесот на преведување, особено книжевниот, е всушност пресоздавање на делото на друг јазик. Но тоа пресоздавање не смее да го засени оригиналот, да го пренебрегне. Преведувачот мора да внимава да не се занесе и во она што ќе го пресоздаде да не се препознава оригиналот. Ниту, пак, оригиналот треба да биде менгеме. Опасно тенка е линијата меѓу овие две крајности, занесувањето и менгемето. Ако се занесеме, се губи оригиналот, и преводот не е добар, иако може читањето одлично да тече. Ако не излеземе од оригиналот онаму каде што тоа го бара духот, наследството и природата на јазикот на кој преведуваме, сме го осакатиле оригиналот.

Некои јазици се постегнати, поекономични, на пример англискиот, додека други се поопширни како македонскиот. Шпанскиот и македонскиот се доста слични и таму е полесно, од таа гледна точка. Преводот од англиски бара од преведувачот да внимава да не го изгуби ритамот на оригиналот и да биде што е можно постегнат во пренесувањето. Но тој мора да биде внимателен и да не дозволи јазикот од кој преведува да се препознава во преводот. За жал, тоа често се случува.

И преведувачот ги има на располагање сите зборови и изразни средства на јазикот на кој преведува и треба да го изнајде најдоброто решение за оригиналот. Тука, во изборот, во грижата, оставаме дел од себе.

Она што секој човек го носи во себе како сознание и како искуство го одредува изборот. Колку поотворена и побогата е таа ризница толку е полесно преведувањето. И подобро. Белегот на преведувачот во преведениот текст произлегува токму од изборот и од ризницата.

Во мојот работен век како професор имав директна можност да си потврдам дека нема два исти превода – кога ќе им дадев текст за превод на студентите, кај оние што не си ја олеснуваа работата со препишување, немаше никогаш целосно совпаѓање на изнајдените решенија. Кај секој од преводите се појавуваше нешто инакво, зависно од она што преведувачот го носел во себе, и како знаење и како отвореност и како креативност.

Голема вештина е преведувањето, да се биде присутен а сепак невидлив за читателот. Кога тоа сме го постигнале значи дека сме го испочитувале оригиналот и сме создале добар превод.

Преводот и вештачката интелигенија? Да или не? Помага или одмага?

Онаму каде што треба да се пренесе само инфромацијата, без очуденоста на литературниот исказ ВИ може добро да функционира. ВИ ги избира зборовите, ги составува текстовите според зачестеност на употребата, повторувањето, ја нема душата на преведувачот, неговото напластено искуство од кое црпи умешност да го избере вистинскиот. Зачестеноста и повторувањето се само статистичка операција од голем број записи, без очуденост. Далеку сме од тоа ВИ да го преземе и книжевниот превод. Можеби ќе профункционира кога умот на човекот, на авторот, ќе ја загуби оригиналноста, очуденоста. Со други зборови, кога умот на авторот ќе биде вкалупен во зачестености и повторувања. За жал, интернетот полека нè води по таа патека. Мора да се одбраниме. Инаку, полека ќе ја изгубиме потребата од мисла и со тоа ќе се изгубиме како вид.

Достапноста на некои алатки помага во потрагата по решение и во книжевниот превод. Не мора да се буричка по книги и писанија, ВИ ќе понуди извори. Но мислам дека употребата на ВИ, правилната употреба, бара одредена зрелост на личноста. Гледам кај младите, недоволно зрели да ја користат само како алатка, прибегнуваат кон ВИ како некој што ќе им ја заврши работата и немаат критички однос кон создаденото ниту потреба од возбудата во потрагата. Најчесто не сакаат да вложат труд. Зошто да се мачам кога ВИ ќе го направи тоа за мене. Зрелиот човек ќе ја користи да му го олесни патот до решението. Но постои опасност умот да престане да се возбудува во потрагата по решение, да не црпи од собраното во него и да се изгуби особеноста, личното. ВИ олеснува, да, но и нè прави мрзеливи, мисловно. Ќе ја наполниме ВИ со податоци, со информации собрани од секаде и таа ќе го направи изборот. Јас ќе препознавам ако уште се трудам да му дадам свој белег и ќе бидам задоволна. Времето се скратило, да, но и активноста на мозокот, исто така. Зошто брзаме? Потрагата по решение нè прави луѓе.

Немањето возбуда за потрага по решение, задоволноста ја убиваат инспирацијата, го убиваат инстинктот да се бара, да се испитува. Тоа им донело крај на некои од претходните цивилизации. Мора да се исчуваме.

Која е најкорисната алатка (ако има таква)?

Често слушам дека ВИ ќе ни ослободи време за други активности. Но не ми е јасно зошто сакаме да бидеме заменети, имено ВИ да работи место нас, особено имајќи предвид дека задачите нема да се намалат, само ќе си натрупаме нови. Не добиваме слободно време туку уште повеќе работа.

Има уште еден аспект на ВИ што ме тревожи. Кога ќе ѝ дадеме писмо на кое треба да одговориме и инструкции каков сакаме да биде одговорот таа, ВИ, ни дава одличен текст на одговор. И го праќаме. Тој што ќе го добие всушност не добива реален показ за личноста што го испраќа. И тоа може да доведе и доведува до заблуди во односот на квалитетите на испраќачот. Ако добро размислиме, тој одговор е всушност измама. Тоа може да биде и крај на реалната конкурентност на луѓето.

Не гледам зошто ни треба сето тоа.

Преведувачот и лекторот – вечната битка. Кога (не) треба да се попушти и дали сте имале таква ситуација?

Не гледам на тоа како на битка, напротив. Тоа е соработка. Всушност, треба да биде соработка. Таа соработка е најплодна кога има заемно почитување. Лекторите се чувари на јазикот и се непроценливи соработници ако умот им е отворен за очуденоста на книжевниот јазик, особено при преводот. Преведувачот често, во занесот на творењето, може одредени јазични норми да ги пренебрегне, да згреши. Знае и да се занесе. Лекторите се тие што ќе поправат, ќе укажат, особено ако преведувачот претерал. Но,треба да бидат внимателни и тие да не се занесат. Да му веруваат на преведувачот. Добро е дилемите да се продискутираат. Особено кога оригиналниот текст има значителна очуденост или си игра со регистарот на говорителите. Или кога има дијалектни интер-

венции. Добрите лектори, а кај нас ги има многу, се внимателни да не го нарушат ритамот и стилот за кој преведувачот се намачил да ги одрази во јазикот на кој преведува. Знаат да бидат и одлични соработници во изнаоѓање на правиот збор.

Не сум имала големи проблеми на овој план. Мислам дека два пати сум водела битка, како што велите. Еднаш, на почетокот на мојата работа како преведувач, со регистарот и дијалектот на ликовите. Едниот лик беше филозоф со китнест, софистициран говор, а другиот биганга од улица, од мал дојден во голем град. Се измачив додека да најдам соодветен стил и за едниот и за другиот. Лекторот ми го искасапи преводот и ме прогласи за неписмена. Си го истерав своето, по долги дискусии. Вториот пат лекторот интервенираше во стилот – кратките реченици, понекогаш и од еден збор, ми ги спои во подолги, долгите ми ги подели на пократки – да биде делото појасно, почитливо и позбиено. И тука си го истерав своето. Имав разбирање и од издавачот и таквите интервенции не ги прифатив.

Два проблема во мојата долга историја на преведувач се занемарлив број. Инаку, си ги имам лекторите при срце. Мене ми се од голема помош. Важно е и ние преведувачите, а и лекторите да имаме отворен ум. Тоа се гледа во конечната верзија на преведеното дело.

Кое е Вашето мислење за „напливот“ на преводи на странски автори на македонски јазик, и обратно, за „сушата“ на преведување македонски автори и нивните дела на странски јазици? Колку тој процес е резултат на влијанието на издавачката куќа во странство?

Добро е што се преведува, во двете насоки. Но, на овој план има и многу проблеми. Многу.

Еден од проблемите е немањето слобода преведувачот да го одбере делото и да има доволно време да го преведе. Ова би требало да биде правило, но, кај нас е исклучок, ако имаш таква среќа.

Односот издавачи – преведувачи е поставен на несоодветен начин. Издавачите се тие кои главно диктираат што ќе се преведува. Тие конкурираат пред Министерството за култура или кај странските агенции. Изборот главно доаѓа од нив. Често и пред да се прочита книгата, да ѝ се види квалитетот, сложеноста и слично. Кога се работи за веќе потврден автор, можам донекаде да разберам. Но, каде е поттикот за новите творби, новите автори? И овде и во странство. И каде е мислењето на преведувачот за предизвикот одреденото дело да се преведе? Често преведувачот нема можност за избор.

Јасно ми е дека нашиот пазар не овозможува да се живее од книжевен превод, малку народ сме и сè помалку се чита. Исто така, средствата за објавување на одредено дело главно доаѓаат од нашето Министерство или од некоја странска организација што нуди средства за превод на литературата што се создава во нивната земја, што го промовира своето книжевно богатство. Кога главниот финансиер ти е државата, како кај нас, преку конкурс, ниту издавачот ниту преведувачот ја имаат сигурноста дека преводот ќе биде одобрен и објавен. Се случува да ја почнете работата на преводот и потоа преводот да не се објави. Вложениот труд е бадијала. И таа задршка го скратува рокот за преведување. Потоа, во итањето да се стигне дадениот рок, кој е многу кус и за сите ист, без оглед на сложеноста на делото, се прават премногу компромиси и преводот не е тоа што би бил кога би имало време да слегне, да се препрочита, ако треба преработи, обмисли.

Некои дела бараат, или заради сложеноста на изразот или заради обемноста на текстот, многу повеќе време од она што се добива на конкурсот на Министерството за култура. Не е добро што преводот се врзува за еден ист даден рок. Треба Министерството да овозможи преводот да се доработи во подолг рок, имено да не мора добиените средства да се реализираат во годината во која се објавени резултатите. За превод на некои дела на преведувачите им биле потребни неколку години. Несериозно е да мислите дека, на пример, дело како „Дон Кихот“ може да го преведете за шест месеци, како што ми беше еднаш понудено.

Сè ова укажува на несоодветен однос кон процесот на преведување, во која и да е насока, и од кого и да е.

Имаше одредени проекти што ги финансираше државата во кои роковите уште на почетокот беа одвратно кратки. Се очекуваше од преведувачите да преведат обемни книги во рок што не даваше ни ден по страница. А сите знаеме дека понекогаш преводот лесно оди, но, знае и да запне, па на некој дел да работите со денови. Ова, секако, се одрази на квалитетот на преводот. Процесот тогаш не беше пресоздавање туку беше пренесување од еден на друг јазик, а тоа е погубно.

Друг проблем е финансирањето од надвор. Конкурсите се главно за финансирање на преводот и износите што се нудат се повеќе од пристојни. Но нашите издавачи добиените средства ги користат и за трошоците за објавување и промоција на преводот, додека преведувачот добива скромен дел од колачот. Премногу скромен. И тоа си врви така веќе со години. Имаше и случаи преведувачи да бидат ставени на црна листа ако одбијат таква поделба на колачот. Донекаде ги разбирам издавачите, и тие се мачат за средства. Но мора да се почитува трудот на преведувачот затоа што токму тој труд им овозможува да го издадат делото. А сите знаеме дека од продажба на книги не се заработува на овој наш мал пазар. Издавачите треба да поработат на својата скромност.

Има решение за овие проблеми, но, треба да се има волја, а тоа засега недостига.

Дали преведувањето на еден автор зборува за квалитетот на делото што се преведува или и тоа е резултат на врските на издавачот со странска издавачка куќа, а зошто да не, и на личните врски на авторите?

Што се однесува до преводот на наши автори на странски јазици недостига стратегија за промоција на нашите вредности надвор. Меѓу другото и затоа што немаме доволно критика, подобро речено оценка на она што овде се создава. Ни треба темелно вреднување на творештвото и потоа промоција на она што е врвно. Досега овој процес на селекција се одвива, како и сè во нашево општество, преку врски, лични контакти. И огромен личен труд на авторот. Значи ни треба критичка мисла и стратегија. А имаме многу интересни автори и дела, што многу ме радува.

„Растев во дом во кој се негуваше убав македонски јазик. Растев со Цепенков"

Освен преведувачка, Вие сте и писателка. Неодамна од печат излезе Вашата книга „И сирка и prosирка" во издание на „Антолог", а со години уживаме во Вашите фејсбук-раскази. Дали преведувачот во Вас влијае врз писателот во Вас? Дали пронаоѓате некој од своите преводи во Вашиот стил на пишување?

ОДГОВОР: Цел живот по нешто сум чкртнувала. Откако децата пораснаа и ми заврши работниот век, ми остана многу слободно време. Ако не го исполниш со нешто што ти носи радост, ќе снеможиш. Ќе ја изгубиш животната енергија. Таа радост ја наоѓам во пишувањето, и многу ми е убаво. Го споделувам она што се напластило со годините и ова што сега го живеам. Мило ми е ако и на некој друг му носи радост.

Сè што сум прочитала, сè што сум внела во себе влијае на моето гледање на животот и на светот, а со тоа и на мојот израз. Така, и преводот сигурно влијае врз она што и како го пишувам.

Во потрагата по зборот и изразот при преведувањето ја откривав и уште ја откривам ризницата на македонскиот јазик. Многу си го сакам мајчиниот, македонски јазик. Толку е богат што ми го одзема здивот. И сакам да го одржам жив, да им понудам дел од тоа богатство на оние што знаат, Бог да чува, да кажат дека е сиромашен.

Растев во дом во кој се негуваше убав македонски јазик. Растев со Цепенков. Растев со делата на авторите кои го коваа литературниот македонски јазик, и преку нивното творештво и преку дружбата со нив. Меѓу нив, татко ми, Коле Чашуле, Петре М. Андреевски, Митко Маџунков, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Владо Малески, Радован Павловски, Богомил Ѓузел и многу други. Во нивните книги, во разговорите што ги потслушнував дома, го запознавав тоа богатство и ми ја всадија грижата за него.

Јасниот израз на Маркез, ерудицијата на Борхес, мислата на Унамуно, раскажувачкиот ритам на Камило Хосе Села, богатиот речник и реченица на Марио Варгас Љоса, исто така имале улога во начинот на кој пишувам. Кога преведувате некое дело се обидувате да влезете во умот на авторот, да го приспособите својот на неговиот начин на размислување. Тоа отвора хоризонти. И те бои. И мене сигурно ме обоило.

Како еден од основачите на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Македонија, што би им препорачале на младите преведувачи?

Здружението го основавме со желба да се воведат професионални стандарди на пазарот во нашата земја, да работи на професионален развој на членовите на професијата и да создава перцепција за професијата преведувач и толкувач меѓу членовите на професијата, потенцијалните клиенти и поширокаата јавност. Именно да поттикне квалитет и појасна свест што таа професија значи, особено што често се сведува само на знаењето јазик. Многу често луѓето мислат дека тоа е доволно. Не се зема предвив потребата од широки знаења и вештини, посветеност и доследност.

Мојата порака до преведувачите би била постојано да работат на збогатување на речникот, на знаењето на јазикот на кој и од кој преведуваат. И вкупното свое општо знаење. Тоа треба да им биде постојан порив.

И да си го ценат трудот. Да се ценат себеси. Ако нивниот труд одразува темелност, посветеност и напорна работа да не потклекнуваат пред предизвиците на времето и на околностите. А се знае дека заедно сме посилни. Тоа е суштината на Здружението и на сите кои сме во него.

Здружението, исто така, организира и спроведува еден можне интересен конкурс за најдобар млад преведувач ВАВИЛОН. Претходните десет години го организиравме заедно со Делегацијата на ЕУ, оваа година сами, со поддршка на Министерството за култура. Особеноста на овој конкурс е во тоа што конкурираат преводи од сите европски јазици на сите јазици што се зборуваат во нашата земја. На конкурсот можат да учествуваат млади книжевни преведувачи или луѓе кои едноставно сакаат да преведуваат литературни дела.

На почетокот имаше значителен интерес, но во последно време интересот е намален. Мислам дека причината за тоа главно е во општата атмосфера во нашата земја што не ги поттикнува младите да ги истражуваат своите капацитети и интереси и финансиската неатрактивност на книжевниот превод. За жал, младите сè помалку ја гледаат својата иднина овде. Ова е сериозен проблем со кој нашето општество само инцидентно се занимава.


Но надежта последна умира, нели?

90 години од раѓањето на Живко Чинго

„СЛОБОДАТА, ДРУГАР..."

„Слободата, другар, таа пак пустињата, најсилно го опијанува човечкото срце... Слобода, сакам да се радувам, а нешто не ме оставаат, разбираш. Слобода другар, проклетство, ќе паднат лажните државни судој, трулата власт, другар. Народен суд, народнии судии, нова власт, се по правда, без протекции, без црни робии. Разбираш, ќе нема богати и сиромаси, едно лепче ќе се делит на сите, не ќе има гладни, не ќе има жедни, власт народна човече. Човекот ќе дојде на своето место, на прво место човекот, разбираш, да си биде тоа што си е од природата, човек".

Живко Чинго, „Последниот расказ од војната"



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Ристо Лазаров

СЕ СКИНА ЛЕНТАТА

Се скина лентата
во светскиот амфитеатар
на вековите. Уште
во првата четвртина
веков клапнува, никако
да го превтаса претходниот:
луѓето врват нанапред
а гледаат наназад,
сè се свртува наопаку
па и Македонија од јужна земја
си надена туѓо име Северна,
сè се заборави, па и посланијата
на Светиот апостол Павле
кој во дамни дамнини беше напишал:
„Кога дојдовме во Македонија, никаков мир
немаше телото наше; во сè бевме во маки;
однадвор нападе, однатре страв".
Новородените Македонци
севезден се прашуваат
кој тоа ја кренал рачната сопирачка
во историското движење
и ги оставил да окапат од чекање
крај патот без патокази –
никој да не знае: кај бил југ,
кај ќе биде север и обратно.
Оповеќе има само болни воздишки
и придушени молитви.
Никому не му доаѓа умот,
никој да се присетни
на поуките од минатото.
Светот крева раце
пред кусото паметење,
на сет глас се воспева смртта
извештаите од воените боишта
се гледаат како финале
на светското првенство во кошарка
и како предигра на локалните натпревари
во кркање свински ребра на жар.
Доцни тишината
што не важи и за салвите прдежи
пред интонирањето на државните химни.
Ќе минат векови
додека потомците откријат
дека цар Самоил бил рокер,
организирал журки во неговата крепост
и дека еден од неговите
ослепени рокери сигурно
би добил Нобелова награда,
ама тогаш немало такви работи.
Сега е барем јасно
дека заборавот не бил лек,
иднината не се огледува
во скршено огледало.
Маките немаат посока,
Бадијала се чуваат
во измисленият календар на времето
во кое нема ни стари доброволци
облечени во римски туники
ни Византијци, ни ослепени болки.

НА ПРВ ПОГЛЕД

На прв поглед сè си е тамам,
како што Господ го создал светот
без да шлапне во патеката за стипл-чез.
Во Париз, севселенскиот центар на љубовта,
на пример, одамна
пеплосуваат романтичните воздишки
на кејовите на Сена,
се проретчуваат и букинисите,
откај Латинскиот кварт
протестираат студентите
од Триумфалната капија
илјадници пензионери
го проколнуваат пензискиот систем,
на улиците во градската периферија
пожари, горат паркирани автомобили
и гледајќи телевизија нема да згрешите
ако помислите дека гори Париз.
Ем гори, ем пее: ечи Марсељезата
ечи и Интернационалата
– да се чуди човек
колку се повторуваат вековите
и колку многу се доближуваат до ѕвездите
(вселената не поднесува големи занеси,
Доволни се поуките и претсказанијата
од минатото дека утре одвај ќе се дише од среќа).
Така ли беше: ти што си ништо биди сè?
А не пропаднатите илузии на Балзак
да се препнуваат по Шан зелизе
а некој ќе проламоти
дека уште не дошло време
ѕвездите да се гаснат
како уличните светилки.
Џабе маките и напрегањата:
во вселената веќе нема
кој прв да викне:
„пролетери од сите земји,
обединете се"
и Обединетите нации се изнајмени
во служба на разединувањето.

Вселената со чуденки ги проследува
настаните на планетите, посебно на Земјата
чии населеници малку повеќе
се занесуваат со својата напернатост
и не разбираат дека вселената си е вселена
само со умерена доза на страсти и терори –
сака да се запрат катадневните умирања,
сака да се запрат заканите со нова Хирошима,
сака да запре гладувањето на милиони во светот
да го снема трулежот во кој неместо добро утро
се брцнува во туѓ џеп, а поначесто
се посегнува и по туѓ врат и туѓа глава.
Шуќур што вселенската апашана
не допрела до Адам и Ева,
дури тогаш човештвото ќе алосуваше
без homo sapiens, без род и пород,
во јалова, бесчовечна, бездетна вселена
во вселенското царство на глувата тишина.
Ѓаволи ќе се здадеше во севселенска борба
за поинаков и подобар живот,
ѓаволи ќе имаше и толку долги описи
на вселенските епопеи.

Знајно е дека нема вселена
без недобројни долини
како на Индијанците како во каубојските филмови
во кои се троши многу анестезија
да се извади стрела од каубојските рамена.

Зајно е исто така
дека со претскажување
на иднина обложена со мед и масло
како ужинките на децата во градинките
се занимавале и Блох и Фројд,
а пред нив и други шиткачи
на убави претсказанија за иднината
во која сите летаат и воопшто
не ги чувствуваат длабочините
на скаменетите епохи.
Некои од нив и подземи во гробовите
уште пекаат за Платоновите идеали
за поделба на власта,
најпосле да се разбере
оти од секоја врба свирка не бива.

Народите заслепени од светлата иднина
негувале вселенски атеизам,
војувале иако се вџашувале од локвите крв
додека војувале и така и така
ама по победата никој не им ветувал среќа,
ниту можеле да помирисаат женски парфеми.
Научиле дека среќата уште недојдена
си го фаќа патот, исчезнува како небесен блесок.
Впрочем, никој не му верувал на Фројд
дека среќата е секавица,
заштитен знак
на лажните вселенски федерации._
Барем додека не се расветли прашањето:
Имаат ли вонземјаните Господ
Или им е доволно што се „на ти“ со ѕвездите.

ОСМИОТ ДЕН

По седумдневната
национална жалост
беше соопштено
тоа што цел свет го знаеше:
катаклизма од библиски размери
го беше зафатила
пограничното подрачје
на Турција и Сирија.
Бројот на жртвите
се зголемува и ќе расте.
Ене, месечар се препина
од купиштата урнатини
во напорот низ темнината
да стаса до прегратките на месечината.
Вергилие попусто го клати фенерот,
ветрот веќе го собрал месечарот
како лист од дрво.
Ветрот дува што дува ама и потсвирнува
нова соната за крајот на светот.
Бумбарите нервозно танцуваат
околу китките, се допираат меѓу себе
во темната прав на урнатините.
Спасителите под тешкиот товар на судбината
избезумено газат врз урнатините
каде што се затрупаните коски на најблиските им.
Рибар потпрен на веслата не знае што попрво:
да плаче ли, да пцуе ли!
Денес, на осмиот ден од катаклизмата
пристигнала и хуманитарната помош за Сирија
од Европската Унија, под чии санкции
доцни добрината во Алепо, најстариот град на светот.
Осмиот ден една сириска тинејџерка,
убавица на мајка и на татко,
низ солзи ја презре
декларативната добрина на светот:
деца сме, има и помали и постари од мене,
седум дена сме жртви на катаклизмата,
седум години преживуваме во војна,
седум дена никаква помош не сме добиле,
немаме ништо што му е потребно
на нормалниот човек, ама баш ништо
аман помагајте дури не сме испоумреле!
Во заднината на нејзиното обраќање
тажно лаеја кучиња,
и тие ги повикуваа добрите луѓе.
Сѐ што е небесно беше шашардисано
– ѕвездите совладани од зраците на смртта.
Осмиот ден весниците објавија
дека песот-херој извлекол
уште едно лице од под урнатините
а на твит-фотографиите
срцето на светот му го стопли
извлечено по 128 часа подземи
спастрено, насмеано кутрото,
пргаво, со разиграни црни очиња
сака да каже дека заслужува да живее.



Раскази

821.163.3-32

РАСКАЗИ

Габриела Стојаноска-Станоеска

СÈ СИ КАЖУВАМЕ, САМО КОЈ ДА СЛУША

Вечер е. Се расправаме со сопругот додека брзо ги пребришуваме дневната и бањата. Се најавиле неговиот некогашен цимер и жена му. Им се радуваме како и секогаш, ни недостигаат тие двајца прекрасници, нарачуваме кифлички и торта по телефон, но веќе станува непремолчливо тоа што со години само ние ги пречекуваме дома, во викендицата на село, во кампот во Претор, на тераса во Сутоморе, во изнајмен подрум во Сараево и секаде каде што, случајно или намерно, ни се вкрстуваат патиштата, а ни еднаш не сме испиле кафе во нивниот дом. Не знаеме ни каде е, ни како изгледа. И не дека тоа, само по себе, ни е важно. Истрчувам во ноќта, среќа, цвеќарката сè уште не доприбрала сè внатре во дуќанот и купувам огромен букет црвени ружи. Одам со свеќа и со најдлабоко сочувство во домот на другарка ми на која ѝ починала бабата. Останувам да ја тешам до раните неразденети саати. Се немаме видено повеќе од осум месеци, постојано е зафатена и има оправдани причини поради кои се слушаме телефонски и не може да излезе на едночасовен разговор во некое кафуле. Тагата е толку голема што излишни се сите замерки. На враќање поминувам покрај куќата на моите родители. Каква е онаа гужва пред влезот? Во темницата препознавам издолжена мртовечка кола со отворени задни врати. О, Боже, го изнесуваат татко ми! Болен беше, но зошто не ми јавивте дека починал? Да го видев пред умирање или да дојдев на пречувување... Како можевте? Ноќе е, го знаеш маж ти, си рековме да не ве вознемируваме. Немам време да им викнам „Будали!“, трчам по автомобилот што го одведува татко ми. Трчам долж улицата, долж реката, долж ноќта со жолти канделабри. Стигнувам до погребалната фирма сместена во руинирана зграда, ан од турско. Металните кутии со прозорци во горниот дел, низ кои се гледаат мртвите од половина нагоре, се наредени долж кејот. Цел конвој мртовци што починале оваа ноќ, не ги збира во канцелариите. Додека шумно течат водите низ блиското корито што не се гледа, се наведнувам над секој метален ковчег, се вsирам во стаклата зборувајќи гласно. Кај си? Да те гушнам барем! Да се поздравиме! Станувај веднаш!... Скокам од еден до друг... Еве станувам – една тукушто одмината млада девојка ги отвора очите во ковчегот лево од мене, сонливо се истегнува и сосем лесно го турка капакот и излегува од металната кутија. Долгата коса и разбрануваната ноќница или бел свилен фустан на прерамки босоного тргнува кон мене... Затни ја муцката, ќе ги вратиш сите! Барај го со молчење! – ме опоменува некој од тие во црнина коишто странично ги вардат телата. Го најдов, навистина е мртов, ковчегот е херметички затворен. Одам на шалтерот, над ќелавата крушкаста глава на службеникот симетрично свети гола светилка. Потпиши, овде на списоков, дека сакаш да го отвориме и ќе го гушнеш. Ама потоа, не само воздух, во ковчегот ќе влегуваат и црви – ми го подава листот низ полукружниот отвор. На твоја одговорност – слушам додека зјапам во нечие туѓо име и презиме ракописно напишано најдолу на списокот. И тоа е последно што гледам. Се разбудувам испотена лежејќи на стомак, со лицето втиснато во жолтата фротирка и со двете раце максимално раширени заграбен ми е мекиот топол душек небаре е ладен лимен капак на кутија.

ПАМТАМ

Памтам, пред десетина години, кога требаше да се сетам на некоја најголема лудост што сум ја помислила како дете, ми текнуваше следниов ран спомен. Не знам колку точно годинки имам, можеби пет, или шест-седум. Заспивам во ист кревет со мајка ми. Темно е, на тенките светли конци измолкнати низ тесниот прозорец од ретките мижуркави ѕвезди, речиси ништо не се распознава. Мајка ми лежи свртена со грбот и јас ја гушкам, до кај што ми стигнува левата рака, високата мајчина половина. Грб огромен како планина пред мојот нос, се чувствувам толку ситно покрај телото што спокојно се поткрева и спушта. И којзнае од каде, во еден момент помислувам: А што ако ова што лежи до мене и го гушкам, не е мајка ми, туку некое чудовиште?! Секунда смрзнувачки страв од замислената можност телото да се сврти и да ме изненади со својот лик. Каква глупост! Се разбира дека ова е мама. Добро е што не ни се прosирни главите и мислите немаат звук, инаку некој добро би се изнасмеал. Како можев вака да помислам? Криви се страшните филмови. Го припивам челото до мекиот, топол грб на мама и сè уште гушкајќи ја, мирно засонувам. Ете, тоа е најголемата глупост што сум ја помислила како дете. Смешки! Што не ќе му падне на памет на едно дете.

Памтам, кога првото дете ми наполни шест недели и дојдов сосе него, а без сопругот, според обичајот за леунство во нашиот крај, да спијам кај моите родители една седмица, мајка ми ме праша: „Колку ќе останете?" „Една недела, ко што е редот." „Недела? Спијте ноќ, две, и одете си дома, не му ги ремети редиштата на детето." И памтам дека една вечер, мислам таа, но може да било и некоја друга вечер кога бев дојдена на спиење со детето кај моите родители, спиев со мајка ми на креветот. Не помнам зошто таква била приликата или условите, но добро памтам како ја држам гушната, повторно околу половината, таа лежи свртена со грбот, но сега веќе не е толку голема, поточно јас сум порасната, па не ми е голема, важно си мислам: ах, колку е убаво што по толку долго време, по цели години, си ја гушкам мамичка. Сигурно многу ѝ недостигам. По некое време чувствувам потреба да се свртам на другиот колк и помислувам: Убаво би било и таа да се сврти кон мене и да ми го гушне грбот. Но, не се поместува. За гревота, се срами кутрата бидејќи сум порасната, помислувам и продолжувам одназад да ја гушкам.

И памтам кога доаѓаа денови ко блескотни ножеви: дали навистина мајка ми се срамела да ме гушне кога сум пораснала? Ѝ дошло ли воопшто некогаш, само од себе, да ме прегрне? Тоа што го сметав за најглупава детска идеја, можеби не било тоа? Ќе ми помине ли кога било оваа лутина? Ќе смогнам ли доволно сила да ја гушнам повторно мајка ми како мало незаштитено двегодишно дете свртено со грбот и свиено во мојот скут – се прашував чувствувајќи се чудовишно и ослободувачки над крвописот.

Памтам дека посакував попитоми идни дни, иднини, идни НИ.

СЕ БЕ(САБОТА)ЖА

Имам две тела. Едното победува дење, другото ноќе. За мене, како за наставничка што половина учебна година ја поминува со подуени подочници спуштени до колена заради ноќно спиење од четири-пет часа и два часа дневно преспивање, таканаречениот летен распуст, а фактички годишниот одмор од еден месец е идеално време за автофагија. Може да си заспиеш во два или во три по полноќ, па дури и во четири, и комотно да си отспиеш добри десет часа, девет или осум ако те разбуди ќерка ти или некој неизвестен колку спиеш лете, или пак во најдобра прилика, цели дванаесет часа. Се будиш наспана и си топ! Тогаш би можела да пишуваш, но не: летото е за топ форма. Испиваш две огромни Крале Марко пивски чаши вода (Кинезите препорачуваат шестотини милилитри) по можност со лимонов сок и тие те држат два часа. Потоа едно кафе без шеќер, придружено со неколу чаши вода, се прочистуваш, уринираш на дваесетина минути... и поминале шеснаесет часа нејадење брзо колку пукање со палец и среден прст, а тебе воопшто не ти се јаде. Цревата се совршено мирни, телото нема приговори, може вака да тераш уште некој час. Во меѓувреме, може да направиш и неколку стотини стомачни вежби за горните, долните и страничните мускули, слушајќи си некој интересен поткаст. Додека трчаш на зелената вештачка зелена трева обезбедувајќи си цик-цак простор меѓу различните генерации корисници на фудбалскиот терен, и апликацијата ти избројува седумстотини и осумдесет потрошени калории и истрчани десет километра спремна си за маратон и секој ден, ама секој ден, на синолилавото вивнато зајдисонце ги спојуваш палецот и малиот прст, ја мемориираш убавината на пејзажот и чувството на внатрешна сила и си велиш *јас можам да ја одржам оваа свест и вечер оброкот по туширањето ќе содржи само месо и салата или јајца и салата. Во најлош случај, само лубеница, праски или смокви, како мал сладок грев пред вечера.* И токму тоа го изнесуваш во неколку чиничиња на сината пластична табла на тераса. Таму, пред испразнетиот центар на градот, под голите ѕвезди и месечина ми живее второто тело. Тоа се буди околу полноќ. Секоја ноќ, ама секоја ноќ, истите спортски стапала го креваат телото и го носат до шпоретот и до фрижидерот. Еднаш и уште еднаш. Десната рака срка незаситно од пудингот со плазма бисквити, а потоа и од сладоледот со карамел затоа што рокот, кај да е, ќе му измине, за некој ден ќе се запости, а и кутијата треба да се фрли, зафаќа место во замрзнувачот. Некој орган внатре што не признава дихотомија тело-душа проговара *еднаш се живее, животот е краток, ако не си дадеш уживање во денот, џабе си го истрчала.* Некој друг повнатрешнет пријателски глас коментира: *со ваков став, нема никогаш да ослабнеш.* Некој трет филозофира*: телото ќе си го изедеш, а штетните мисли на душата?* Пречекорувајќи го прагот меѓу спалната соба и терасата со двете тела под глава како со две лубеници под една мишка, им велам: Ајде вие да се договорите некако, вака веќе не оди, јас сум, сепак, многу повеќе од вас.

100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО
Гого Ивановски

СЕНКИ

Имам песни кои никогаш не сум ги напишал,
а знам дека ги имам и се мои;
тоа се песни кои воопшто нема да ги напишам –
ним им е дадено да живеат како сенки.

Се мислам дека штом ќе се обидам
да ги пуштам во светот на виделината
ќе им го збришам превезот на магијата
како правта од крилата на пеперутката.

Па ќе ми паднат немошни пред нозете,
и нема повеќе да бидат тоа што биле...
После ќе жалам задека сум посакал
да им го дадам она што го немам.

Но жалта тука нема да помогне,
пеперутките втор пат не ќе полетаат...
Не, тие песни нема да ги напишам,
ќе ги чувам за да не станат никогаш стварност.



Песни

821.18-1

ПЕСНИ

Каљош Челику

Солзата на мајката

Гитарата кога плаче отвора прозорец.
Земјо, каде ги криеш солзите на мајка ми?
Птицо, пеј ми ја песната!

Чавко, не допирај ми го стихот!

Земјо, каде ги криеш солзите на мајката?

Не копај длабоко

Не копај длабоко,
оти,ќе сретнеш камења:
гробови и коски!

Не копај длабоко,
оти ќе се стекнеш со рани:
Ќе почне плачот!

Не копај длабоко,
оти ќе се удавиш во мене.

Окупација на Скопје

Кога кучињата го окупираа Скопје
се криевме кај „Жена-парк".
Коските паднаа по градот и
лежеа по „Бит-пазар".

Кога кучињата го окупираа Скопје
пријателката се облече во црно.

Стравот не го сакам оти не е мој

Молчете! Во собата спијат По и Анабел Ли.
Нека сонуваат за моите непросписни стихови.
Еден ден ќе умрам во речното корито.

Стравот не го сакам, оти не е мој.

Пијан вампир

Дење пијан – ноќе вампир
ме гони омразата
ме шпионира кај жените.

Ја сакам ноќта
кога со тебе пијам вино!
Разбуди се омразо,
шпионирај ме кај жените!

Себеси за вечера

Секој ден се јадам малку по малку себеси
од нозете до главата:
и пак сум гладен.

Се ставам на софрата
себеси за вечера.

И повторно сум гладен.

Сидање на невестите

И денеска ги сидаме живи
невестите низ овој град.
Но не им оставаат по една дојка
на поетите надвор.

Ќе го испијам езерото

Ноќе излегувам на брегот
и чекам да излезеш од езерото:
сум фрлил еден стих во водата
само малку да се затресе јажето
оп, да те легнам над мостот.

По некое време ја извадив јадицата,
кажи ми, да не си ти Месечината?
Ќе го испијам сето езеро!

Не прашувај

Не прашувај ме каде ги поминав ноќта
и денот. Јас сум задоцнет боем.
Доста ми е во главата да имам една песна,
две стомни со вино и една пријателка.

Не прашувај ме каде ја поминав ноќта.
Улицата за мене е кревет и дабот.
Нозете ми се на Камениот Мост во најдобрата гостилница
каде што сета ноќ се пие вино. Солзи.
На брегот на реката каде се сончам јас со
пријателката и полната бремена месечина.



Согледба

821.163.3:929Матевски, М.

ДОПИРОТ НА УБАВИНАТА И НА ЦЕЛИНАТА: МАТЕЈА МАТЕВСКИ

Иван Џепароски

На почетокот на овој есеј за поетското дело на вториот наш венцоносец на Струга и на *Струшките вечери на поезијата*, поетот и академик Матеја Матевски, добитникот на низа признанија за своето творештво во земјата и во странство, чувствувам потреба да искажам неколку свои согледби за поезијата на Матевски, кои, згуснато формулирани, имаат дури и карактер на аксиоматски одредби. Станува збор за следниве согледувања изложени во форма на една спинозистичка[1] геометриска среденост:

I Во поезијата на Матеја Матевски природата и културата претставуваат неразделна целина.

II Во поезијата на Матевски појавното е повод да се оди отаде појавното, отаде физиката – кон метафизиката.

III Во поезијата на Матевски метафизичкото не се потпира само врз разумот туку, многу повеќе, врз сетилноста што поетски и естетски ја доживува и ја обликува поетската стварност.

IV Матевски е поет кој знае дека двапати не може да се влезе во иста река, и дека секоја вода, секој воздух, секоја земја и секој оган се секогаш различни. Поетот Матевски во својата поезија го опева токму ова различие на елементите.

V Матеја Матевски е поет кој со својата песна триптих „Дождови“ (1955), безмалку пред седум децении, суверено ги постави темелите на македонската модерна поезија. Во оваа песна, како што вели третиот наш струшки венцоносец Влада Урошевиќ, „првпат сетилните и интелектуалните сили скриени во длабочината на македонскиот јазик избиваат на површина во еден облик кој наполно му припаѓа на нашето време“.

VI Поетското дело на Матеја Матевски е производ на еден значаен и сеопфатен книжевен опус што во целина е посветен на поезијата, без екскурси кон прозата или драмата.

VII Поетско дело на Матевски се карактеризира со стаменост, суптилност и доследност во сопствениот поетски копнеж кон целината.

VIII Како што е понајчесто случај со врвните поети, така и кај Матеја Матевски, неговата загледаност и замисленост врз судбината на светот и врз судбината на човекот не е вревачиска и не е со воздигната поетска интонација или со патос, туку е, како што вели и Влада Урошевиќ, „продлабочена и полна со една проживеана мисловност, плод на носталгична контемплација и – пред сè – на личното искуство“.

IX Бранејќи ја Природата од Културата (од она фројдовско „неугодно во културата“), Матеја Матевски, всушност, како да го брани и човекот од надоаѓачкиот „сингуларитет“ – создаван од самиот човек и од неговите цивилизациски градби.

X Оттаму доаѓаат и неговите согледби за *трагизмот на животот* и за „Раѓањето на трагедијата“ – што е и наслов на пресвртничката книга на Матевски од средината на осумдесеттите години на минатиот век, што реско ја дели првата од втората фаза на неговото поетско творештво.

XI Трагизмот не го води поетот Матевски кон разочарувања и дефетизам, туку е поттик да се одбрани идејата за целината на убавината, на добрината и на вистината.

[1] Барух де Спиноза својата прочуена „Етика“, за која Вилхелм Винделбанд смета дека е најимпресивната „концептуална поема“ (Begriffsdichtung) создадена од човекот, ја пишува според „геометрискиот метод“, тргнувајќи од дефинициите и аксиомите за потем да следува и изведувањето на доказите и на поставките. Сето ова се гледа и од поднасловот на оваа книга кој гласи: „ЕТИКА: Со геометриски ред изложена и во пет делови поделена“ (ETHICA: ordine geometrico demonstrata et in quinque partes distincta).

По овие 11 тези во форма на аксиоми следува и еден краток аналитичко-синтетички текст со кој, верувам, ќе се верификуваат претходните аксиоми (иако како филозоф и естетичар знам дека аксиомите и не мора да се докажуваат).

Како и да е, потрагата по убавината и по целината во поезијата на бардот на македонската поезија, академик Матеја Матевски (13. III 1929, Истанбул – 6. VI 2018, Скопје) трае од неговите први поетски стихозбирки „Дождови" (1956), „Рамноденица" (1963), „Перуника" (1976) и „Круг" (1976), па преку „Раѓање на трагедијата" (1985) и „Црна кула" (1992), сè до „Копнеж по целина" (2005), „Потекла" (2008) и „Нирвана" (2010), како и до завршните поетски книги на Матевски објавени во последната деценија на неговиот живот: „Корени во ветерот" (2012), „Зад лавиринтот" (2014), „Молох: пеш по светот" (2015), „Будење на кристалите" (2016) и „Темни деноноќија" (2017) – во оваа пригода наведувам само дел од поетските книги на Матеја Матевски. Кон ова треба да се придодадат и неговите шест книги литературна и театарска критика и есеистика, како и над педесетте подготвени одделни книги преводи и антологии на шпанската, француската, словенечката, албанската, српската, руската и италијанската поезија, додека изборот од неговото творештво во 10 тома во 2005 година го објавува издавачката куќа „Матица македонска". Матевски е носител на најзначајните поетски и општествени награди во земјата и во странство, член е на многу академии кај нас и во светот, а член е и поранешен претседател на МАНУ, на ДПМ, на Македонскиот ПЕН-центар, на Комисијата за културни врски со странство, како и директор на ТВ Скопје и генерален директор на РТВ Скопје (сега МРТВ).

Сепак, иако биографијата и поетската библиографија на Матевски говорат многу, треба да се укаже и дека по смртта на Шопов, Конески и на Јаневски, тој е најзначајниот поет на Македонија и дома и во странство. Тој дури и денес е нашиот најпреведуван поет во светот, тој е и најнаградуваниот наш поет, тој е вториот Македонец (по Блаже Конески) добитник на Златниот венец на СВП (во 2011 година), а тој беше и наш повеќегодишен кандидат за Нобеловата награда за литература.

Мнозина говореле успешно и ја растајнувале поезијата на Матевски: меѓу нив и мојот професор академик Георги Старделов. Тој во 2019 година одржа една вдахновена беседа во предворјето на катедралната црква „Св.Софија" во Охрид, по повод деведесетгодишнината од раѓањето на Матеја Матевски, беседа во којашто Старделов укажа на врските меѓу поезијата и филозофијата во поезијата на Матевски, велејќи: „Таа егзистенцијална и онтолошка детерминација е и суштината на метафизичката поетска објава на неговата поезија". А во контекст на темелното начело на неговата метафизички заснованата поетика, Старделов ќе укаже и дека таа се врзува за: „враќањето кон изгубената целина на светот".

Затоа, во контекст на филозофскиот и поетски однос на Матевски кон природата, особен белег заземаат неговите воспевања на основните елементи на природата: водата, воздухот, земјата и огнот. Оттаму, неговите лирски пеења за водата во раните песни од стихозбирките „Дождови" (1956) и „Рамноденица" (1963), особено во триделната песна „Дождови" и во песните „Езеро" и „Море", па преку стихозбирката „Мртвица" (1999) со песната „Враќање во Атлантида" и книгата „Копнеж по целина" (2005) со песната „Прочистување", сè до поетските книги на Матевски: „Згура. Одеа по водата. Саќе" (2012) и „Корени во ветерот: враќање во Стамбол" (2012) се опеваат „молкот на водата", „на гибелта морето" и „замрзнатите води мочуришни" и се случува мачниот и симболски премин од „благата вода" до водата „згура", се случува тешкото течење од потрагата по „жива вода", до наоѓањето на „течниот килибар", до смолата што го „памети светот и раката И секирата И секирата" („Врвицата на смолата"). Оваа екопоетичка насоченост на доцната лирика на Матевски, секако, бара натамошни проучувања кои, верувам, нашата книжевна критика дополнително ќе ги спроведе.

Но, ова веќе неосетно ме води и кон една нова тема што ќе остане да се расветли во некоја друга пригода, имено кон прашањата сврзани за животот и за смртта во симболиката на водата и на севкупниот живот во рамките на поезијата на Матеја Матевски.

Сепак, во овој свој есеј за поетот Матеја Матевски, сакам особено да го потенцирам значењето на оние поетски книги на Матевски што се објавија по неговото овенчување со „Златниот венец", дела за кои, кај нас, малкумина се имаат произнесено. Меѓу овие поетски книги, секако, бележито место зазема и стихозбирката „Корени во ветерот. Враќање во Стамбол", книга што непосредно по нејзиното публикување, на мое големо задоволство, во присуство на самиот Матевски, ја промовирав во просториите на издавачот „Матица македонска" во Скопје во 2012 година. Тогаш и таму за оваа книга ги изреков и следниве зборови:

Во книгата на Матевски, Стамбол е допрен и вкусен со сите сетила. Тој е помирисан, ислушан и виден со очите на детето соочено со величината на Градот и со неговата возвишена убавина. Но, Стамбол во нашата свест е и: секавање на Константинопол, секавање на „Византиското комонвелт" и на „Падот на Византија", тој е и градот на смртта на нашите браќа Миладиновци, тој е и градот на „Палатата на сништата" и на османлиската империја која многувековно владеела со нас, градот на вселенскиот патријарх кој во 1762-то лето ја укинува Охридската архиепископија – многу болни секавања и трауми се врзуваат за овој велик град, но, секако, постои и другата страна во говорот за другото. Токму таа друга страна на Градот ја наоѓаме во пристапот на

Матевски. Зашто за него Стамбол е град на раѓањето и духовно и лично: од секогаш ме фасцинирал тој податок од биографија на Матевски – роден во Стамбол во 1929 година – тоа е како денес да речете: роден во Њујорк а живее и работи во Скопје!

За оваа книга академик Луан Старова, инаку автор на сеопфатниот и инструктивен поговор кон книгата „Корени во ветерот", ќе рече: „Требаше да се очекува дека поетот Матевски врз стамболската тврдина на соништата од детството зачнати уште во Стамбол па продолжени во преостанатиот дел во својата Македонија, ќе го доградува својот поетски универзум со нови ненадминати поетски валери. Тоа првин ќе се случи, со медитеранската поетска апотеоза на разбирањето на човекот и природата како што тоа ќе се оствари во поетската книга 'Круг' (...) за да продолжи овој тек во најновата поетска книга 'Корени во ветерот: враќање во Стамбол'".

Поетскиот дијалог на Матевски со овој град покажува дека, всушност, кога го градиме и кога го откриваме сопствениот идентитет тоа не го правиме во некаква изолација од „другите", туку низ еден постојан дијалог со нив, кој може да биде и „делумно видлив", но и „делумно внатрешен". Затоа и денес е толку важно да се истакне ставот на Чарл Тејлор според кој: „Мојот идентитет суштински зависи од моите дијалози со другите". Од друга страна, како што укажува академик Катица Ќулавкова, „опусот на Матеја Матевски, иако отворен спрема бројните дијалошки стратегии, ѝ останува верен на лиричноста. Лириката е доминантната вокација и можеби најголемиот влог на Матеја Матевски во македонските поетски вредности".

Но, покрај својата суптилна лиричност Матевски го проширува хоризонтот на поетскиот пристап и, како што претходно се укажа, веќе од стихозбирките „Раѓањето на трагедијата" (1985) и „Црна кула" (1992), па преку „Корени во ветерот. Враќање во Стамбол" (2012) и „Молох: пеш по светот" (2015), сè до неговата последна збирка „Темни деноноќија" (2017), се случува неусилено еден онтолошки пресврт во неговата поезија: од чистата лиричност сврзана за воспевањето на феномените на природата се преминува кон еден особен интелектуализам што е во постојан однос кон митското, кон историското и кон филозофското мислење. Токму поради овој егзистенцијален пресврт во поезијата на Матевски, ќе може Старделов својата монографија посветена на поетското творештво на Матеја Матевски и да ја наслови, тргнувајќи од насловот на книгата на Матевски, како: „Раѓање на трагедијата: поезијата и поетското искуство на Матеја Матевски" (2020).

Оттаму, толкувајќи го овој своевиден онтолошки и егзистенцијален пресврт во поезијата на Матевски, сосема е во право академик Катица Ќулавкова кога укажува дека „неговата поезија од крајот на XX век и почетокот на XXI ја проширува својата асоцијативност и дијалогичност, користи постапки на интертекстуалност и есеистичност, покренува суптилни биографски прашања за сопствениот идентитет".

На тој начин, може да се констатира дека лирскиот, спинозистички и пантеистички пристап „бог или природа" (deus sive natura) од првата фаза на творештво на Матевски постапно се историзира и се онтологизира.

Згора на тоа, а со ова ќе го завршам својот краток есеј за поезијата на Матевски, тој останува доследно привржан на својата верба во моќта на природата и во моќта на јазикот што ја именува оваа природа разоткривајќи го битието, а оттаму и битието на поезијата. Познато е дека историјата на Западната филозофија и цивилизација, според Мартин Хајдегер, е историја на заборавот на битието. Мислењето на мислителите и пеењето на поетите потекнуваат од еден и ист корен. Затоа Хајдегер во својата книга „Was ist Metaphysik" („Што е метафизиката") вели: „Бидејќи Истото е само како Различно, а поезијата и мислењето најмногу на себеси наликуваат во грижливоста на зборовите, двете се истовремено најдалеку оддалечени од својата суштина. Мислителот го кажува Битието. Поетот го именува Светото." А Светото за Хајдегер е Светлината со која битието засветува и го осветлува светот.

Светот што го осветлува Матеја Матевски со својата поезија е светот на потеклото и на раѓањето, светот на убавината и на добрината, а оттаму и светот на вистината. А што е неговата поезија ако не е празник, вистински празник на поезијата и на вистината! Празник, зашто неговата поезија од неодамна – со објавувањето на дел од неговите песни и на Брајовото писмо – ќе може да се чита и да се доживува и со допирот на прстите.

821.163.3-1

Весна Ацевска

МОЈОТ ЗАНАЕТ

Читам.
Влегувам во улица-реченица.
Ставам знаци за непречен тек.
Читам и читам.
Минувам по ходниците на текстот.
Се искачувам на сите катови.
Кај што нема скали, доградувам.
Кај што нема делови, донесувам.
Разнесеното го враќам.
Читам, читам и читам.
Ги проверувам долапите.
Ги затворам вратите.
Ставам печат ако треба.
Го склопувам логичкото скеле.
Го собирам зданието во еден лист.
Го стресувам.
Verba Volant, scripta manent!



Комеморација

929Миркуловска, Б.

КОМЕМОРАТИВЕН ЗБОР ЗА ПРОФ. М-Р БИСТРИЦА МИРКУЛОВСКА

Вера Стојчевска-Антиќ

„Човек, колку тоа гордо звучи“
Максим Горки

Шеесет години се достаточни за мојата дружба со колешката Бистрица, зашто со сигурност се определувам за мотото на овој текст за личноста на колешката, да ја употребам мислата на Максим Горки: „Човек, колку тоа гордо звучи“.

Сестраната и богата дејност на Бистрица Миркуловска е прегледна, разновидна, од областа на образованието, науката, општествената дејност, фамилијарната и културната. Започнува со богата детска поезија, со првозбирките *Цвеќенца* (1960), *Градинче* (1962) и многу други. Како Словенка родена во Скопје 1930 година, силно ги зацврстува врските, словенечките во Р. Македонија и македонските во Р. Словенија. Не случајно во книгата на Тамара Арсовска во *Писателите за себе* во 2010 година, Бистрица ќе запише:„Учев српскохрватски, руски, француски, латински – во веќе зрело доба чешки јазик но, целосно ме привлече преведувањето од словенечки на македонски јазик“. Веќе во 1948 година Блаже Конески укажа дека – „Нашиот јазик се кове најмногу во ковачницата на преведувањето...“ виртуозно преведувајќи го *Горски венец* од Петар Петровиќ Његош. Укажа на рамноправноста на јазиците, на преведувањето како творечки чин, на возбудата кога ќе се изврши успешна трансформација со оглед на формата и на содржината, пренесување на пораката од едно во друго јазично подрачје. (*Разговори со Конески,* Цане Андреевски, Култура 1991). Непосредно го доживував, попримав, неговото преведувачко искуство откако стапив на работа на Факултетот, а особено на постдипломски студии (1971/73).

Од стартот во подрачјето на литературниот превод соработувам со сите писатели кои преведуваат од словенечки на македонски јазик: Георги Сталев, Гане Тодоровски, Србо Ивановски, Томе Арсовски, Александар Поповски, Матеја Матевски, Цане Андреевски, Влада Урошевиќ како и со некогашните мои студенти – Ефтим Клетников и Киро Герасимов.

Во врска со богатото книжевно наследство на колешката Бистрица правам едно вистинско резиме од повеќе нејзини изданија, но со еден можен текст од секоја од нив:

НАВЕВА СНЕГ

„Во најдолгиот ден...“
– заплакаа мајките.
„Оттаму и татковците
не им се вратија...“

СКАМЕНЕН КРИК

Клетва ми даде –
Човек на човек – верба...
Зошто ја скрши?

Зар од грб, Бруте?
– ме прободе со кама...
и смрт... и штама...

СОНУВАН СОН

РОДНА ЗЕМЈО

Сакам да се слеам
со тебе
како капка дождовна
со води езерски...
СОНУВАЛКА СУМ

ПИШАНО БИЛО

– да ја искачам
Голготата ама да
не сум распната...

КАДЕ СИ ТАТКОВИНО

ЌЕ ДОЈДЕ...

Небото во липтеж семне...
Душава боледува осамена.
Однадвор, кон собата замрежена,
од гранка гавран црн ме демне.

НИЗ ПЕСНА ДА ТИ КАЖАМ

Умрев по неа!
В село слуга ќе бидам
– да сум со неа!

ЛАПИДАРИУМ

Генерацијо,
Има ли друго место
Што ќе нè збере?

ЗАПРЕНО ВРЕМЕ

Дали голем грев сум сторила
Зашто пред Тебе, Мајко Голема,
Адама од Говрлево сум го сонила?

КАЛЕИДОСКОП

ЛУБЕНИЦАТА

Со сласт ја јадеме – а
црните семки
ги плукаме. – В година
пак ќе дадат блажина.

Посебно нагласувам две изданија на колешката Миркуловска. Едното е со наслов *Молика ѓелистерска*, содржина што ме спојувала со Бистрица. Јас пораснав врз падините на планината Пелистер, а Бистрица се воодушевувала, како спортист од пелистерската молика. Во 2019 година се појави нејзината книга со наслов *Чемер миѓови* што претставува извонредно книжевно дело, што со сите животни настани започнува со љубов:

Со љубов на ќерка ми

Милица – Мили
светлина во моево
стемнето доба...

Мама Бистрица

НЕЈЌАМ... НО, СЕПАК
В ТЕМНОВО ДОБА ТКААМ
ЧЕМЕР МИГОВИ...

Не е случајно што нејзиното творештво е проследено со бројни награди и признанија. Да споменеме: по повод 20-годишнината од осамостојувањето на Р. Словенија, во 2011 година ѝ беше доделено ПРИЗНАНИЕ од Министерството за надворешни работи на Република Словенија.

Управниот одбор на Здружението „Франце Прешерн“ – Словенци и пријатели во Република Македонија – за сите јубилејни одбележувања ѝ има доделено признанија и благодарници за активна и успешна соработка – од денот на формирањето (1994 година).

Затоа името на Бистрица Миркуловска гордо звучи!

821.163.3-1

Бистрица Миркуловска


ТАТКОВИНО – УБАВИНО

Сакам роса во утрини светли,
во ливада сакам цвет до цвет,
сакам птици песнопојки в гора,
убавина сакам в сиот свет!

Сакам нивје плодородни, златни,
жита зрели сакам – клас до клас,
чучулига високо да лета,
да растура песна – sунлив глас.

Сакам рака пријателска, топла,
оро дружно сакам – брат до брат,
бистри реки пенливо да течат –
поздрав носат в мојот роден кат.

Сакам шум на бранови да слушам –
синевина – езерска шир...
Татковино, во тебе ми блика
убавина, љубов, сонце, мир!



Сеќавање за Илхами Емин

821.512.161-94

ИЛХАМИ ЕМИН, ДОЈДЕ СО РОЗАТА, ЗАМИНА СО РОЗАТА...

Лејла Шериф Емин

Во сиомен на иоетоиот Илхами Емин

За жал, 2020 година ќе ја паметиме со епидемијата што го опустоши светот. Починаа многу писатели и книжевни дејци. Имаше толку многу пријатели и познати писатели кои подлегнаа на оваа болест. 2020 година ќе остане запаметена како година на смртта на двајца големи поети и писатели во турската книжевна јавност во нашата земја Македонија. По смртта на Фахри Каја, длабоко нѐ растажи веста за смртта на Илхами Емин. Но, писателите и поетите имаат уште една среќа: тие секогаш живеат и го продолжуваат својот живот преку своите дела. Она што го оставија зад себе ќе ги носи со векови во иднината. Неговите книги ќе сведочат за оние што ќе живеат во иднината. Тие ќе живеат со своите книги и ќе разговараат преку нивните песни.

И Илхами Емин ќе живее во овие земји и ќе разговара со нас долго време. Понекогаш, кога ќе видиме гранка од роза, преку неа ќе ни зборува, ќе нѐ води во сеќавањето на поетот, ќе даде совет со статија и ќе се всели во детските сеќавања со некоја песна. Нашиот јазик ќе продолжи да живее со нив...

Семејството на Илхами Емин, по потекло од Маниса Саруханли, било меѓу Јуруците што живеат во Источна Македонија. Роден е во 1931 година во градот Радовиш, Македонија, како четврто дете на неговата мајка Шефије и неговиот татко Рифат Сипахи. Роден е во период кога турските училишта биле затворени по Балканските војни и се соочувале со тешкотии во образованието. Секако, имало и такви кои наместо турски морале да учат бугарски или српски.

Српскиот јазик го научил во прво и во второ одделение. Тоа му го отвора патот во иднина да работи како преведувач на делата на Тито (турски-српски), како и на маестралниот превод на многу дела. Поетот, кој го научил турскиот јазик од своите родители, можел само официјалниот или современиот турски јазик да го слуша на Радио Анкара, се тешел и си ветил велејќи: „Еден ден ќе пишувам на турски". Долго време не читал книги на друг јазик за да научи и даа пишува на истанбулскиот турски. Накратко, иако првите пишувања му биле на македонски јазик, сепак дојде денот и стана писател и поет што пишува и твори на турски јазик.

Друго име за радоста на Илхами Емин што можел да пишува на турски и да твори дела на турски е Денот на турското образование на Турците од Македонија. Повторното достигнување на турскиот јазик во овие земји носи радост и ентузијазам. По Балканските војни, судбината на турскиот јазик почнува да се менува по Втората светска војна, имено претставици се нашите истакнати поети и писатели што како должност го носеле јазикот во иднината.

Во литературата влегува со поезија и да, прво пишува на македонски јазик. Неговата прва поетска книга е објавена на македонски јазик во 1955 година под името „Животот пее и плаче", а втората е објавена во 1957 година под името „Денонокија" (Ден и ноќ).

Неговите први турски песни се вклучени во книгата „Чекори кон светлината" заедно со други македонски турски писатели. Пишувал дела и од други жанрови на литературата. Со текот на времето станал голем писател на патот кон просветлувањето.

Тој е успешен и со неговите театарски дела. Неговата театарска претстава „Странци"се играла во скопсиот Народен театар во 1969 година. Неговата драма „Насретин" била изведена на сцената од уметници од турската драма на Народниот театар во 1971 година и била објавена во списанието „Сеслер". Илхами Емин, кој бил и успешен филмски критичар, има многу преводи од турски на македонски јазик. Покрај песните на Назим Хикмет, Ахмет Јесеви на македонски ги превел избраните песни на Јунус Емре и Мевлана, Епот на илјадници бикови од Јашар Кемал и романите „Бејаз Кале" и „Се викам црвено"на Орхан Памук. Делови од „Патописот" на Евлија Челеби ги приспособил и ги превел на македонски јазик. Тој пред љубителите на историјата во Македонија го претстави делото на Фуат Копрулу со наслов „Воспоставување на Отоманската Империја". Неговата по-

етска книга „Ѓулкаја“ е објавена на турско-македонски јазик. Насловите на повеќето негови дела се поврзани со розата – Gül: „Ѓулкилич“ (1971), „Ѓулчичек“ (1972), „Ѓулчичекхане“ (1974), „Ѓулев“ (1980), „Ѓулдин“ (1983), „Ѓулдесте“ (1991), „Ѓулпат“ (2003), „Ѓулкаја“ (2009), „Ѓултепе“.

Ние како Турци од Македонија пораснавме со неговото име во нашите турски книги или учебници уште од основно училиште.

На пример, книгата „Ѓулев“ е со слика на сино небо и роза на нејзината корица, многу добро ја паметам затоа што беше една од книгите што мојата учителка од основно училиште ми ја подари за најдобар успех. Ако на корицата имаше слика од роза, знаевме дека тоа е книга на Илхами Емин. Особено неговата книга со гатанки, беше меѓу омилените книги на децата.

Поетот вака го објаснува влијанието на „розата“ во светот на поезијата и пишувањето: „Розата ги симболизира љубовта и мирот. Розата нè потсетува на нашиот пророк, неговото лице, неговиот лик и неговите движења. Поради оваа причина, розите имаат важно место во мојот поетски свет. Розата е симбол на движењето Мелами, на кое му припаѓал и мојот покоен татко. Мотивот на розата го истакнав и во мојата книга ‘Ѓулкаја‘. Мојата книга ‘Ѓулкаја‘ е еп посветен на Аглардаг. „Ѓулкаја“ е одраз на турско-исламската духовност и на духот што живее во Македонија и на Балканот, што е жив и никогаш нема да исчезне. „Бев инспириран од многу големи луѓе додека ја пишував оваа книга“, вели Ихами Емин.

Илхами Емин во Турција се сретнал со многу поети, писатели и романсиери. Кемал Озер, Едип Кансевер, Сезаи Каракоч, Нејати Џумали, Мелих Џевдет Андај, Рауф Мутлуај, Октај Акбал, Јашар Наби Најир, Илхан Берк, Атаол Бехрамоглу, Илбер Ортајли, Кемал Карпат и други.

Илхами Емин е на мислење дека турското образование, турската поезија, романите и приказните постепено исчезнуваат и во Македонија и во другите балкански држави.

Тој за ова го вели следново:

„До 2005 година државата даваше финансиска поддршка и за писателите што пишуваа дела на турски јазик. Авторите што пишуваат дела на турски јазик по овој датум не се поддржани. Затоа турските пишани медиуми стигнаа до точка речиси и да ги нема.“

Турскиот што се учи во Македонија треба повеќе да се поттикнува. За жал, постепено се топиме.

По неговата смрт останавме осамнеи и нецелосни. Меѓутоа, како што реков, поетите и писателите живеат преку нивните дела, ни зборуваат преку тие дела, ни даваат идеи и нè водат. Се надевам дека од овие краишта ќе дојдат уште многу поети и писатели и дека ќе го носат минатото во иднината и ќе станат надеж за балканската турска литература со своите дела и ќе се погрижат оваа литература да продолжи.

Конечно, има многу да се каже за делата, животот и уметноста на поетот, но се надевам дека благодарение на тие писатели ќе бидат засадени нови фиданки. За ова, Фахри Каја има една изрека: „На чело на секој гроб виси една лулка“. Гледаме колку е значајна оваа реченица кога синот или ќерката на некој писател постигнал успех во своите области и во уметноста во оваа земја, оставајќи свој белег со своите дела.

Веќе ни недостигаар разговорите на двајца писатели. Нивната вредност во македонската турска литература е бесценета.

Нашата последна средба со него беше на 25 февруари 2020 година. Тој дојде на промоција на моја поетска книга. Се сретнавме во тоа тиркизно место организирано од Институтот „Јунус Емре“. Каде и кога да го поканувавме, ако здравјето му беше добро, ќе направеше сè за да присуствува на настанот. Пред тоа учествуваше во поетската програма и ни прочита една од неговите нови песни. Живееше со поезијата и секогаш имаше ново нешто напишано во џебот. Никогаш до крајот на животот не ја изгуби возбудата да пишува нова поезија. Се разбира, тоа беше еден од оние денови кога без проблеми се ракувавме и не знаевме дека тоа ни било последно ракување и наша последна средба. Дваесет дена подоцна, сите бевме затворени во нашите домови. Секогаш ќе го паметам со неговите честитки, неговото доаѓање и неговата почит кон пишаниот збор. Ќе се сеќавам на тие слатки желби и надежни очи. Ќе се обидеме да ги прикажеме песните што ќе бидат напишани во овој поетски рај. Точно два месеца подоцна, на 28 април, нè остави со мирис на рози, оставајќи убави дела зад себе. Се надевам дека мирисот на розите ќе го придружува каде и да оди.

Во својата последна поетска книга нè повикува со песна од земјата во која отишол и вели:

„Народе мој, со птичјо срце и лице од роза
во мојот втор живот секој од вас
ќе ми недостига посебно
на секој од вас и да е од далечина
ќе ви ја испратам Црвена роза на незаборавот
или нејзиниот мирис,
една насмевка доволно ќе биде
„да ме загрее“
додека ми е ладно во моите долги зимски ноќи.

Илхами Емин

Вака зборува поетот и да не е повеќе помеѓу нас...

Нека почива во мир, нека му цветаат рози во неговата земја, тие мириси да не го остават никогаш сам и да го греат во зимските и ладни денови.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Анита Бошкова

ВРЕМЕ ЗА ЖИВОТ

Животот е токму сега,
сега кога времето
вртоглаво бега,
додека дишам
и солзите
ги бришам,
додека се смеам
и љубовна песна пеам,
додека со очиве
убавината ја пијам
и љубовта не ја кријам,
сега кога сакам
љубовта да ме гушне
и криците на животот
да ми ги слушне

Животот бега ли бега,
а сега му е време
да се живееe,
не вчера,
затоа што минато е,
не утре,
затоа што можеби
доцна ќе е

КОГА ТЕ НЕМА

Кога те нема
здивот ми се зема
небото земјата не ја љуби,
а сонцето сјајот го губи
Кога те нема
душава ми семне
и сомнежот ме демне,
страотни приказни плете
од кои се плашам како дете
Кога не си тука
срцето поинаку ми чука
верувај ми љубов моја,
без тебе не постојам.

ЛЕКОТ Е МЕРАКОТ

Збор рече
и пресече,
го дорече
тоа што
в душа суша носи
и убавината ја коси
Зарем за трошка љубов
со солзи треба да се плати,
зарем е толку тешко
вистината да се прифати
Да се признае и да не се крие
дека боли, дека пече
дека копнежот
кон копнеж влече
Лекот не е лелекот
ниту пререкот,
туку меракот.

ТИ

Ти кој не кажуваш, а покажуваш,
ти кој не зборуваш, а освојуваш,
ти кој си извор на животот
во мојот живот,
долета како рајска птица
која го препозна гнездото свое
и го вгнезди спокојот
во дамарите мои
Љубов моја,
ти тлееш и грееш,
ти ме будиш од сонот
вечно сонуван,
ти знаеш
срцето да го разиграш
во ритмот на песната над песните,
ти си музика никогаш неслушната,
ти....
сè си ми.

ТИК-ТАК

Часовникот чука...
Дали си тука
да го чуеш отчукувањето
на часовникот
Каде си
да го чуеш одбројувањето
на животот
што поминува покрај нас,
а да се врати нема
Каде си
да ја чуеш песната
која еднаш се пее
и вечно живее
Каде си
да ги примиш стиховите
и да ми ги разбереш зборовите
кои еднаш се изговараат
и рајски порти отвораат
Те нема,
а часовникот чука
Те нема,
а песната замина
Те нема
ниту за стиховите,
ги однесе ветрот
на заборавот
и зборовите.

ТУЃО МИ Е

Туѓо е сè околу мене,
домот во кој влегувам
постелата во која легнувам,
туѓа ми е покривката
со која се покривам
Туѓ ми е чекорот
со кој чекорам
на патот кон прекорот
Туѓи ми се луѓето
отуѓени од животот,
туѓо ми е љубењето
далеку од љубовта
Туѓ си ми и ти
далеку од себе,
туѓа сум и јас
во љубовта без тебе.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Анастас Ќушкоски

ИГРА СО КАМЕН

(„Камчички“ ни беше омилена детска игра)

Не играј се со каменот! – ми дошепна паталецот.
Тој може да биде и магично убав
бесценета реликвија драга
што ја носиш на градите свои
или во стисокот на болката.
Од него можеш да направиш и паметник,
но тој не си ти.
Тој секогаш има студена душа и инает ко планина.
Него ниедна клетва не може да го распука,
освен пламенот на твоето срце
А тој, тоа не го сака,
не сака да стане прашинка,
сака да биде Сизифова играчка.
И колку повеќе се играш со него
тој станува сè потешка и потешка мора
а ти, сè послаб и послаб во прегработ и стисокот...
И сè така додека не те згмечи во занесот на играта.
Сепак неговото самовеличие
за утеха на твојата омаена душа
ќе дозволи да ти го напишат името на него
како постхумен факт
за љубовта што си ја имал кон него
и немоќта да се справиш со него.

БЕЗИМЕНИ

Не знам какво име да им дадам
Кога и самите не знаат кои се
Луѓе загубени во својот светоглед
Безимени во мислата и промислата
Со име кое никој не им го помни
А имаат глас до небеса што ечи
Кога другите стаписано молчат
На пркосот со лажно херојство
Заборавајќи дека истите тие
Светот одамна ги заборавил
Ниту име ниту дело им запомнал
Освен лажниот пркос на ветрот
А тој умее одненадеж и силно
Со таков провев да нè вразуми.

ГЛАС ВО ПУСТИНА

Јас сум смирен во мислите
А немоќен пред добрината
Јас сум слеп од изгрејсонца
А немоќен пред дивите ветришта
Јас сум грлат во сонот кошмарен
А немоќен кога ме корнат од себеси
Затоа силно викам како луд
Викам од болка за слепото сонце
Викам за гранките што ми ги отсекоа
Викам во секоја гора ко урочен лав
Викам пред секоја карпа исправена на патот
Викам со глас на ранета сверка
Викам за да си го слушнам гласот свој
Викам заради ехото што ме теши:
Жив си!
Твојот корен е длабок и стаменит:
Жив си, не си сам!
Одекнува сопственото ехо.
Па се прашувам, до кога?
До кога ќе живеам вон себеси?
Зборувајќи самиот со себеси?!
До кога ехото ќе ме теши,
А гласот ќе луња во пустина?

П Р О Р О Ш Т В О

Ако пророштвото ти е судбина
А судбината пророштво
Проголтај ја јамката на среќата
Да не го слушаш провевот
На дивите ветришта
Зошто прашината на животот
Никогаш нема да ги покрие стапалките
Од секоја твоја испишана буква
Брановите на времето одново и одново
Ќе ги плават нив со бистрина
Што доаѓа од дното на душата
И кога таа чмае заробена
Во темнината на сопствената школка.

С А М О Т Н И К

Среќен сум што излегов на виделина
Но несреќен сум што не можам
да се вратам повторно во сонот
Среќен сум што се вратив дома
Но несреќен сум што таму
Не се најдов самиот себеси.
А ми рекоа:
Јави се кога ќе стигнеш таму!
Но кому,
На мојата самотија?

НЕБЕСНА

О, блескотно небо,
Јас уште не сум ни полетал,
а ме сметаат за соборен!
Моите крила се скршени
но мислите ми се возвишени.
Таму некаде во висините
гнездо ќе загнездам
орлите да ги надвишам
со песна да ги укротам.



Став

655.4(497.7)(091)

80 ГОДИНИ МАКЕДОНСКО ИЗДАВАШТВО – НЕКОГАШ И ДЕНЕС

Бисера Бендевска

Годинава имаме многу важни поводи за одбележување и празнување. Пред осумдесет години, во мај 1945 година е завршен процесот на кодификацијата на македонскиот јазик и стандардизацијата на литературно-јазичната норма, со што новоформираната држава – Демократска Федерална Македонија доби свој официјален јазик. Истата година, пак, е основана и првата издавачка куќа – „Култура". Токму издавачката дејност, која во периодот на Втората светска војна се одвивала илегално и во насока на одржување на револуционерниот дух, одиграла голема улога во изградувањето на македонскиот литературен јазик, преку печатењето летоци, брошури, прогласи и списанија што почнале да се објавуваат од почетокот на 1944 година.[1] Сепак, во такви околности, издаваштвото повеќе било користено како делотворна комуникациска алатка, но и како можност за формирање идеолошко и национално јадро, во пресрет на долгоочекуваното создавање прва македонска држава. Интересен податок од овој период е и тоа што меѓу првите закони што ги донело Претседателството на АВНОЈ, само еден се однесувал на културата, и тоа на издавачката дејност (Закон за прибирање, чување и распределба на книгите), кој предвидувал слободно печатење книги без претходно одобрување од власта.[2]

Македонија, како дел од Југославија, била социјалистичка република, што подразбирало дека средствата за производство се во државна и општествена сопственост, а тука влегувало и издаваштвото како неодминлива гранка од културата. Набрзо биле основани Државното книгоиздателство на Македонија, што бележело 2 милиона испечатени публикации на годишно ниво, и Друштвото на писателите на Македонија (13 февруари 1947 година), чијашто примарна цел била „да се отвори книжевниот простор и да се сврти интересот кон слободното дејствување на писателите".[3] Гледано од денешен аспект, би можело да се каже дека периодот помеѓу педесеттите и осумдесеттите години на минатиот век, бил златната доба на македонското издателство и на македонската книжевност, воопшто. Државата со нови акти продолжувала да го стимулира издаваштвото, а писателите ги следеле регионалните и европски трендови и книжевни струи и ги создале нивните најпарадигматични дела, кои се забележани во историографијата и денес имаат статус на македонски книжевни класици.

Од 1990 година, нештата почнуваат да се менуваат. Со распадот на поранешната федерација, се формираат посебни републики. Македонија по првпат во својата историја прогласува независност на 8 септември 1991 година. Промената настапува со нов модел на општествено уредување, диктиран од слободниот пазар. Сопственоста на добрата веќе не е целосно во рацете на државата, туку полека почнуваат да се јавуваат и првите приватни сопственици. Плурализмот, во таа смисла, се пресликува и во издавачката дејност. Се основаат и првите приватни издавачки куќи, со сопствена издавачка политика, неусловена од државната определба во културата. До моментот на трансформацијата на општественото дејствување, читателот бил перцепиран како колективен реципиент, како учесник во градењето на општиот културен амбиент. Во времето потоа, читателот постепено се индивидуализира, веќе не е теме во замислената геометриска фигура во која циркулирале претходните вредности, и станува консумент. Впечатокот е дека ваквите промени не се видливи веднаш и функционирањето во рамките на новите „правни лица" сè уште потсетува на неодамнешното, барем до почетокот на новиот, 21 век.

Новиот век, пак, се појавува како некаков нетрпелив Прометеј, кому му се брза да ни ги нафрли сите проблесоци на човековиот (читај, боговскиот) ум, директно влијаејќи врз нашата перцепција на светот. Воведувањето на новите технологии значително ќе го промени нашиот живот, но и нашите области на дејствување. Постојаното надградување на хардверите и на софтверите на компјутерите ќе отворат недоброј можности, меѓу другото, и во издавачкиот сектор. Книгата добива своја електронска наставка (засега претежно текстуална и аудио „екстензија") и се вовлекува во набиената агенда на нејзиниот мултитаскинг-консумент. Но тоа на долг рок не ја променува традиционалната читачка навика и покрај тоа што новото време постојано го менува секојдневи-

ето на луѓето. Барем не во нашата средина, којашто им одолева на брзите промени во овој сегмент и дозирано е пропустлива за новитетите (а тоа се должи на низа различни општествени фактори што би биле предмет на друга и поопширна анализа). Сепак дигиталната ера веќе го трансформираше светот во т.н. „глобално село" и ние не останавме изолирани од трендовите во издаваштвото во светот. Во моментов, во Македонија има наплив на млади автори (дебитанти) што пробуваат да се профилираат во жанрот трилер, веројатно најдоминантниот тековен жанр во нашето национално издаваштво. Оваа појава е неслучајна, со оглед на тоа што трилерот и сите негови подвидови (мистерија, криминалистичка фикција, детективски роман и сл.) е исто така и меѓу најпопуларните жанрови во светот.

Во дваесеттите години на 20 век во САД криминалистичката фикција станала своевиден издавачки феномен, што е тесно поврзан со појавата на меката подврска и со евтината печатарска хартија, што им овозможувало на читателите за неколку центи да прочитаат, по првпат, цело книжевно дело, за разлика од претходните маркетиншки методи на сериско објавување во списанија, со коишто морале да се задоволат Едгар Алан По, Чарлс Дикенс, Артур Конан Дојл и други писатели на овој (под)жанр.[4] Во дваесеттите години на 21 век во Македонија експанзијата на трилерот и неговите подвидови најмногу се должи на влијателноста на жанрот во светот, на неговото присуство преку преводната литература (што е парадоксално, но претставува нелојална конкуренција со која домашните автори се обидуваат да се изборат и да се наметнат кај домашната публика) и можеби најреалната причина – што овој е жанр на модерното време и е предмет на интерес и на други медиуми, пред сè на филмот. И покрај тоа што овој жанр денес сè уште не го постигнал книжевниот углед на делата на По, Дикенс, Дојл, Достоевски и други, сепак се чини дека крими-прозата е совршено средство за дискусија за современите прашања.[5] Динамиката со која се развива овој жанр кај нас би можела да поттикне појава и на други жанрови, со што би се стимулирала жанровската разновидност, а тоа, пак, е показател за степенот на развој на која било, па и на нашата национална книжевност. Се разбира, книжевната историографија ќе ја заврши својата работа и ќе ги забележи проблесоците што ќе остават белег на своето време и коишто по многу години отсега ќе бидат предмет на проучување и според нив ќе се вреднува нашата книжевност.

Наспроти претходно забележаниот тренд, во Македонија има и постојана струја од писатели што се држат исклучиво до книжевноста со високи уметнички вредности. Меѓу нив се етаблирани писатели од различни генерации, што се репрезенти на македонската книжевност во светот. Нивниот успех се должи на нивните уникатни писателски гласови, на нивните поетики, но и на вмреженоста со чинителите во глобалниот издавачки сектор, што е најчесто плод на индивидуалните напори на писателите. Сепак станува збор за незначителен процент од домашната книжевна продукција што успева да излезе од нашите граници. Тоа е најголемиот предизвик со кој се соочува македонското издаваштво денес. Видливи се напорите што се вложуваат и на институционално ниво за да се придвижат нештата во вистинската насока. Македонската асоцијација на издавачите, помогната од ресорното Министерство, го претставува најдоброто од нашите издавачки „кујни" на големите европски саеми, на централниот саем на книгата во Скопје почнуваат да се организираат фелоушип програми со цел воспоставување контакти и промовирање на домашните автори и нивните дела. Одделни издавачки куќи, што организираат книжевни фестивали, во програмите предвидуваат слични формати на средби со агенти и претставници на европски издавачи што се љубопитни за нашето книжевно поднебје. Обидите да ја факторизираме нашата мала јазична и културна средина во морето понуди ширум Европа и светот, треба да бидат постојани и истрајни, со несмален интензитет. И треба повеќе да се грижиме за тоа од кој издавачки изблик правиме настан, зашто на тој начин го антиципираме патот по кој ќе се движиме колективно како културна средина.

На крај, би завршила со нешто што, кога ќе размислам, требаше да го почнам овој текст за да ја поставам рамката, а тоа се размислувања од еден голем човек кој суштински го разбирал издаваштвото и кој сиот свој работен век го поминал во оваа дејност. Станува збор за Роберто Каласо, писател и издавач, когошто го нарекувале уште „книжевна институција". Во првиот есеј „Издаваштвото како книжевен жанр", од неговата збирка, „Уметноста на издавачот", тој вели: „Кога ќе прашате некого: што е тоа издавачка куќа?, вообичаениот и логичен одговор би бил: секундарна индустриска гранка во која се заработува од објавување книги. А што би требало да биде *добра* издавачка куќа? Добра издавачка куќа би била онаа – ако ми дозволите тавтологија – за која се претпоставува дека објавува *само* добри книги. Значи, да дадеме концизна дефиниција – книги со кои издавачот ќе се стреми да се гордее, наместо да се срами".[6]

Извори:

1. Блаже Конески. *Граматика на македонскиот литературен јазик* (Скопје: Култура, 1967), 50.

2. Билјана Туџарова-Ќупева. *Македонската книжевност во контекст на издавачката дејност во Република Македонија (1991 – 2007)* (Скопје: ВиГ Зеница, 2012), 29.

3. Ibid, 31.

4. Barry Forshaw. *Crime Fiction: A Reader's Guide* (Harpenden: Oldcastle Books, 2020), 29.

5. Ibid, 7.

6. Roberto Calasso. *The Art of the Publisher* (New York: Farrar, Straus and Giroux, 2015), 3.



Расказ

821.163.3-32

ПОСЛЕДНОТО УМИЛКУВАЊЕ НА КОНСТАНТИН ФАКМАН

Петар Петрески

Константин Факман праша: „Дали е слободно?“ И кога доби потврден одговор од жената со кимање на главата, седна на клупата со олеснување. Тоа олеснување го почувствува како големо задоволство, а го изрази со длабока и долга воздишка. Ги стави рацете на колената и скришум ја погледна жената. Во краткоста на погледот успеа да забележи дека таа има прчесто носе, бело лице и кратка коса. За годините беше во недоумица, но не се осмелуваше да ѝ даде повеќе од неговите или можеби не сакаше, тоа ќе остане загатка за сите нас.

Покрај нив поминуваше жолт пес со некаква пластична плочка на едното уво и преврска на едното око. Константин Факман забележа дека жената брзо ги повлече нозете и ја приближи чантата до градите. И рече да не се плаши: „Овие се културни, не касаат“, ја заврши реченицата со насмевка во гласот, но не и на лицето. „Денес касаат и кучињата и луѓето, господине, посебно тие културните!“, врати жената. „Кучето каса за нога, човекот каса за срце“, го продолжи разговорот Константин, по малку восхитен од мудроста што не ја очекуваше од неа, но и од мудроста што не ја очекуваше од себе. Жената првпат го погледна со поглед од кој се читаше дека е задоволна од неговата високоумна мисла. Од неа не остана нерегистрирана насмевката што се лизна по неговото лице и се заплетка во неговите ретки мустаќи.

На другата клупа, отспротива, седеа момче и моме. Момчето со едната рака го држеше момето во прегратка, а со другата ја мазнеше неговата долга коса. Одвреме-навреме ќе го бакнеше в чело. Константин ги помазни панталоните, а жената ја помазни чантата. И двајцата го мазнеа она што им беше при рака. Константин сети дека грлото му е суво, а жената сети топлина од невидливо оганче што ѝ пламна во градите. Момчето му шепотеше на момичето стихови од некаква песна, притоа, допирајќи ја со усните надворешна страна од неговото уво, додека со слободната рака нежно поминуваше по неговиот врат. Константин ги затвори очите и виде како едно пеперуже се мушна низ неговите прсти, летна во воздухот, направи неправилен круг и слета на главата од жената. Му заличи на шарено пуфче. Таа нестварна слика го натера гласно да се насмее. Жената помина со раката по косата, како да сакаше да го отстрани пеперужето, го погледна со чудење во очите и му рече: „Млади се тие, им личи“. Константин ги отвори очите и се сретна со нејзините очи. Двата погледа се судрија и паднаа пред нивните нозе. „И ние не сме за фрлање“, рече Константин и итроманско додаде: „Колку ми даваш мене, вака, на прво гледање?“ Жената не ја сокри изненаденоста од прашањето. „На прво гледање, не би ти дала ни скршен денар, ама на второ, најверојатно сè, бидејќи немам ништо!“ „ОФ“, офна Константин! „Многу си хуморна!“ „Повеќе уморна“, надополни жената. „Што гледаш во второто што не го гледаш во првото?“ – праша Константин со загадочен призвук во гласот. „Во првото ја гледам теглата, во второто го гледам ајварот!“, му одговори таа и продолжи: „Што ти вреди теглата, ако ајварот е загорен“. Константин ја сети топлината на пампурот легач на кој се вари ајвар. Необјасниво и ненадејно пријатно чувство го обзеде целото негово битие, што се вели, го крена од петици и, што не се вели, го исфрли од чевли! Таа топлина што ги обложуваше сите нервни завршетоци на неговата кожа, ја избриша вродената несигурност во комуникацијата со спротивниот пол, ги отвори со тресок сите замандалени вратничиња на неговата душа, му ги светна лицето и очите кои, како да беа премачкани со масло и го натера да ја присобере скудната храброст и да ја изговори смелата мисла водилка: „... Тогаш, намачкај ме на леб и изеди ме! Дозволено ти е и од мене и од Господ. Амин!“

Зборовите се најопасното оружје што го измислил човекот, но и најмекиот пердув од паун што ја гали неговата суета. Жената по ова што го слушна се стаписа, се здрви и се претвори во големо уво. Одамна, многу одамна не слушнала од некого да ѝ зборува вакви нешта што ја земаа за рака и ја враќаа во далечното минато, кога беше вруток, а не како што е сега – суводолица! Во истовреме сети и голем срам што нараснуваше во неа како спобудален квасец. Што се случува со неа? Што се буди во неа? Какви се тие чувства што ја обземаат и од кои ѝ станува неподносливо непријатно, но и неподносливо пријатно во истовреме? Пред да каже нешто, погледот ѝ појде кон момчето и момето од спротивната клупа. Момето имаше виткана златеста коса што ѝ паѓаше по рамениците и се спушташе сè до тенката половина. Косата ѝ беше врзана со црвена насмевка. Жената не го симнуваше погледот од момето, како да откри нешто кај него што го парализираше тој поглед. Едноставно е: таа се препозна себеси, пред половина век. Седи на слична клупа во паркот, додека неподвижно го слуша жуборот од стихови што излегуваат од устата на нејзиниот придружник, кусиот, но поетски

потентниот Николче. Стиховите пловат по воздухот и ги алармираат сите нејзини емотивни радари. Гори како опожарен автомобил во темна ноќ, трепери како фатено ѕвере во стапица, но убаво ѝ е, знае дека ѝ е убаво, ѝ се препушта на таа убавина, на тие зборови, на тие допири, што, како мравки лазат по нејзината кожа и ја возбудуваат до неиздржливо напрегање. Ова е сè поинаку од безличното секојдневие, од повторувањето на исти работи до бескрај, од миењето заби наутро и навечер, од учењето од понеделник до понеделник, од штрбата насмевка на нејзиниот татко, од бескрајните фалби на другарка ѝ Лили, од тажниот поглед на бездомното куче Хичкок, дури и од пренагласената грижа за неа од мајка ѝ Јагода Недозреаноска, што ја тера да чкрта со забите додека спие. Таа сака оваа состојба да нема крај, да не се аби од триење, да е сè, во неа и надвор од неа.

На крајот, и сето досега кажано да нема никаква врска со вистината, тоа да е само лижалка за нејзината совест, да се покрие со него од, за неа, срамното сознание дека страста е таа што го командува нејзиното кревко битие и го прави битисувањето да има некаква смисла. Тоа, токму тоа е одговор на прашањето: „Зошто живее?" Токму заради тоа, дури и под услов, надвор од него да е бесконечното ништо!

„Ме гледаш, а не ме гледаш", го слушна гласот на Константин Факман кој ја врати во рикверц. „Умот гледа господине, очите се неговите прозорци." „Константин, моето име е Константин, или Коста, ако Ви е полесно", рече Константин, „а презимето ми е Факман." „Необично презиме", рече жената, „ме потсетува на..." „На што?" – праша љубопитно Константин. Жената малку се подзамисли и рече: „На... снаодлив човек, како да го фрлиш, на нозе паѓа!" „Ех, јас секогаш паѓам на глава, тука е кавгата со мојата судбина", рече Константин, „Презимето ми се потсмева." „Не сожалувајте се, изгледате како седумка на лото", подзеде жената, „а јас, Босилче, ќе офкам до офкање од здодевен костобол!" „Имате мирисливо име", рече Константин лизнувајќи си ги сувите усни и продолжи: „Некој би рекол и лековито." „Да беше лековито, ќе бев здрава како дрен и нежна како лен, а не на дивечот плен", рече Босилче таговно, поетски и филозофски.


„Го чувствувам мирисот на босилекот во моите ноздри", прошепоти Константин Факман и малку, сосема малку, се наведна кон Босилче. Таа ја забележа скоро незабележливата промена на неговото тело и малку, сосема малку, се подистави. Во тие мигови ѝ недостасуваше одговор и затоа само ја сврти главата, но очите косо и благо го гледаа Константин. „Имав жена што личеше на тебе", продолжи Константин со умилкувањето. „Имав маж што не личеше на тебе", рече Босилче. Константин ги поткрена веѓите. Босилче додаде: „За среќа". „Ја прегази кола, кога поминуваше на пешачки премин. Умре на самото место. Виновникот никогаш не го најдоа." Босилче изгледаше не малку изненадена. Се случи кратка тишина, тишина што претскажуваше: „Мојот умре на двапати. Првиот пат беше кога умре во мене и вториот пат, кога умре во себе. Првиот пат беше кога изгази жена на пешачки премин, вториот пат умре од цироза, пиеше повеќе ракија од вода." Сега тишината потраја многу подолго. Двајцата се гледаа без да трепнат, изненадени и вџашени. Изгледаа изморено и скршено. Очигледно немаа зборови за понатамошна размена.

Отспротива момчето веќе не го галеше убавото моме, туку водеше жив разговор со него. Се обидуваше да биде уверлив во тоа што го кажуваше, но момето не му веруваше и му поставуваше многубројни прашања, нервозно мавтајќи со мобилниот телефон пред неговото лице. Факман можеше да улови по некој збор што долетуваше до него како лекокрила птица:, „Зошто?", „Кога?", „Каде?" Момето во еден миг ја оттргна раката од раката на момчето, наеднаш стана и се обиде да замине. Момчето рипна и со двете раце го фати момето околу тенката половина, настојувајќи да го врати на клупата. Момето успеа да се оттргне и почна да бега. Момчето се стрча по него, но се сопна од ногалката на клупата и падна. Момето за тоа време успеа да влезе во едно такси што беше паркирано во близина. Момчето стана и, кривејќи, се упати кон такси-возилото што заминуваше. Жолтиот пес со внимание ја следеше случката и повеќе не мавташе со опашката.

„Што мислиш за нивната иднина?", ја праша Константин Босилче за да ја прекине мачната тишина. „На почетокот од денот сончево, а понатаму променливо облачно со периоди на пороен дожд", рече Босилче со наведнати очи и додаде: „Ќе имаат две деца. По второто дете таа ќе се здебели, а тој сè повеќе ќе излегува на дружба со другарите и сè почесто ќе загледнува туѓи жени. И таа нема да седи со скрстени раце." Константин Факман го набра челото, се почеша зад десното уво и тивко праша: „Ти имаш две деца?" „Да", одговори Босилче. „И ти не седеше со скрстени раце?" „Не, јас седев со скрстени нозе", одговори Босилче. Константин Факман ја фати раката на Босилче. Беше топла. Константин ја стави другата рака под нејзината дланка. Беше мека. Чевелот на Константин го допре чевелот на Босилче, што се припи до неговиот. Срцето на Константин биеше како тапан на свадба, срцето на Босилче трепереше како лист пред откинување. „За тебе има време, Босилче, моето е зад мене и ми ги каса петиците", си го слушна сопствениот глас Константин Факман. „Ти си добар човек", рече Босилче. „Не колку тебе", рече Константин, допирајќи го нејзиното чело со своето чело. „Ќе го бакнам воздухот меѓу нас", рече Константин и додаде: „Нема да ми се налутиш?" „Зависи", рече полушеговито Босилче. „Знам дека нема да ми се налутиш", рече Константин. „Речи дека нема да ми се налутиш", беше упорен. „Ќе бидам малку себичен" „Нема да ти се налутам", рече Босилче, „И јас сум понекогаш себична." „Сакам да умрам токму сега", рече Константин Факман и дополни: „Факман да не се викам!" Босилче му се испули со неверување. „Зошто, будалче", прошепоти таа. „Затоа што ми е убаво, неподносливо убаво. Секогаш сум сонувал да умрам кога ќе ми биде најубаво. Вака убаво не сум се чувствувал уште кога бев дете. Тогаш и сега." Босилче ја наведна главата и рече со глас што не го препознаваше како свој: „Во мојата кутија повеќе нема место за вакви шеги."

Константин Факман ја потпре главата врз нејзиното рамо и ги затвори очите. Босилче го погали по косата, не знаејќи дека тој веќе беше мртов. Кога ќе дознае, ќе му биде многу лута.

Нецел месец по овој немил настан, Босилче Брезоска ќе појде во комуналното претпријатие и ќе си купи гробно место, веднаш до неговиот гроб. Ќе биде облечена во зелен фустан , а нејзиното лице ќе свети како пресна погача. Тука некаде ќе се вртка и жолтиот пес.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Лидија Дочовска Павловска

ГРАД НА ИЛУЗИИ

Минатото е лага,
паметењето нема пат за враќање,
секоја пролет е неповратна,
и најсилната љубов е одминлива вистина...
Мојот град на илузиите,
нема свој код во реалноста,
секоја разлика е персонална,
и патешествие проследено
со животно искуство...
Испреплетени се реалното
и фантастичното...
Но, треба да запреме...,
– може ли да се победи времето?
Гориме во кругот од желби
и нешто што никогаш
нема да го поседуваме...
Маѓепсан круг
од златни рипки,
и еден миг историја...
Ја чувствувам сласта
на победата врз времето,
и една насмевка како разуздан зрак
се прелеа на розовите образи
во прекрасен пламен,
како возбудливо руменило
по ѕвездено капење,
додека брановите како самовили
исчезнуваат на брегот.

ДАМАТА НА БЛУЗОТ

Придушена атмосфера,
со романтична светлина на ароматизирани свеќи,
што ме избезумија на веќе
испиениот ум од црвената горлива опивка...
Се подигнав, мислејќи дека ја доловив
храброста од чадот на догорената цигара,
за да исчезнам во просторната прашина,
мислејќи дека догоре и нашето време...
Ме потсети... дамата запливана во
жешката чаша на блузот
кога последна ја затвораше црната нота
на долгите акорди.

КАДЕ СИ, ПРЕСПО

Каде си, Преспо?
Зар само престој во моето срце...
Или судбина што насмевките мои ги крои.
Дали си ветар,
што солзи радосници
од душа ми вади...
Или си пламен
од утринска зора што со искра ме в жари.
Каде си, Преспо?
Ти, што ме заарти во твоите гради...
Или си наплив на солзи
што ги оплака сите мои таги.
Носиме на твоите плеќи
оти сум дете
што од утроба твоја се всади...
Каде си била Ти,
каде не би била Јас,
зашто јас сум питач твој
што од Господ те бара
и ситен пламен
богатата ти става...
Јас сум ти Венера или Афродита
од крв и месо створена,
со душа што до небо достигнува
за да те прегрне како во кора затворена
на лушпа ореова...
Ја крпиш мојата кожа
со вечноста на младоста,
покрај тебе палаво дете станувам
крвта што ми струи
со ѕвездите на твојот сјај...
Го знам твојот чекор,
но понекогаш ќе заскитам само...
И чувствувам љубовна рана
што без лекот твој останува сама,
и без сонот мракот што го носи
ѕвездите го кинат сами.
А јас... и на јаве го составувам,
целиот товар на љубовта твоја...
И во оваа емотивна хаварија,
не по моја вина,
го дарувам срцето
пред правдата на вистината...

Некогаш не сум јас, ми говори светиот дух,
а некогаш љубовта што тој ја разгорува.
Љубов поцрвена од најврелата крв
Посилна и од најостриот меч...
Само за тебе, љубена Преспо.

НЕ ЧЕКАЈ ДА ТЕ КАНАМ

Мислев дека засекогаш те изгубив
близначке моја, од небо поблиска...
секој миг, мислата беше твој подарок,
секое зрнце светлост, беше твое исчекување...
Зарем на знаеш колку ми си потребна,
твоето постоење живее во мене,
без тебе сум смртна, непостоечка,
без тебе сум личие како санта мраз
или безличие на излеана река без корито.
На кого мисла скриена да преточам,
истурено мастило да сокријам.
Нема кој мисла со насмевка да нагости
на стаклени нозе да издржи,
со чаша за здравица да ја овенча
на маса бисери од љубов да преточи.
– Затоа дојди... не чекај да те канам,
две сенки на една сме,
на едно платно насликани,
една, осамено дрво во рамница
друга, издадено цвеќе во пустина.
Те носам во починка на очите,
те имам во сенка на срцето,
крај брегот на мислата,
и жедта на копнежот,
во сонот на свеста и јадрото на потсвеста.
Близначке моја, од небо поблиска,
затоа дојди... не чекај да те канам.

ФИЛИГРАН

И кога мислата ме носи
во тивката пролетна ноќ,
ноќ на свечени празници...
Најголемата ноќна мора ме притиска,
немирно се мрдаат црвените усни,
благословени од црвеното вино,
немирно ми тежат нашите години,
години на имање и немање,
на заборав и трагање,
на очекување и чекање,
на трепет и соништа,
на стварност и добивање,
Постојано трагање и неверување,
на немир и спокој,
и што ли уште не...
зашто ти си спокој во неспокој,
ти си мир во немир,
смила во несмисла,
трпение и спасение...
Биди ми вечност, а јас...
твој филигран.



Осврт

821.163.3-1(049.3)

КРИК ПРОТИВ КОЛЕКТИВНОТО СЛЕПИЛО

(КОН „ДРУГИ ДАЛЕЧИНИ“, САШО ОГНЕНОВСКИ. ПНВ ПУБЛИКАЦИИ, СКОПЈЕ: 2024)

Виолета Танчева-Златева

Соочена сум со голем предизвик и со денови го одложувам пишувањето на овој поговор. Зашто не знам од каде да тргнам, која нишка да ја потфатам за да го започнам патот низ лавиринтот што Сашо Огненовски го изградил меѓу кориците на оваа книга. Книга која вешто го избегнува сместувањето во една категорија.

Дали се работи за историски триптих? За една епопејски изградена слика на светската историја од која Македонија е само камче во мозаикот? За преиспитување на вечното прашање дали историјата има право да ни ги прекројува картите и животите, да ни ги преиначува легендите и митовите. Историјата секогаш има право, вели Огненовски. Но и секогаш е лоша придружничка кога сами среде мракот одиме кон иднината, со сите оловни облаци надвиснати над нас, со сите волчи закани озабени кон нас.

На тој пат мала утеха ни е сознанието дека не сме единствениот мал народ на светот што се борел за

својот опстој. Историјата памети многу примери на исчезнати (или претопени) племиња и народи, на многу пропаднати земји и цивилизации. Се раѓале, се развивале и растеле, а потоа го почнале својот пад, секогаш потпомогнат од некој Асмодеј.

Дали ова е таговна книга за сите наши порази, понижувања, недоумици и небиднини? За сите наши стравови среде осаменоста и духовната пандемија што нè има зафатено?

„Под секое дно има друго дно – но до кое дно треба да паднеме за да се освестиме дека нема подолу од ова, дека е крајно време да го почнеме искревањето нагоре, кон сонцето" – вели Огненовски на едно место, кое директно се надоврзува на мојата последна објавена поетска книга „Глуво време". Додека си ја вежбаме навиката на трпение и на истрајност, по секоја мигум проблесната надеж пак остануваме далеку од посакуваното посветло утре и сè поболно осознаваме дека „нема веќе што да се дели, / Нема јадро, има само недоумица / И недофатна надеж". Колку и да е погубно да си го признаеме тоа, во ова време невреме стануваме само бројка во нечија статистика.

Но дури и да е така, во оваа книга сепак проблеснува надеж дека не сме целосно изгубени, дека вишата правда е на наша страна:

Кога ќе се причестиме

Иако последни и никому непотребни,

Ќе има уште еден здив пред нас,

Ќе ни даде Вечниот

Посна вечера и себство,

И можеби ќе поверуваме

Дека оваа тешка капија

Ќе се отвори само за нас.

(„Заветен текст со голема буква")

Оваа книга е и осуда на студенилото што го има зафатено светот и човековото срце. „Снегот се топи, а во нас мразот / Зафатил кора... / мразот ќе нè држи уште некој век." Таа е крик против осаменоста и затворањето во својата мала черупка, во која современиот човек се крие од топлината на сонцето, на љубовта, на блиските односи со луѓето, неразумно верувајќи дека така е безбеден од секаква закана и дека не може да биде повреден. Толку сме оддалечени од другиот, од суштината на животот, толку сме станати студени во односите, толку нечувствителни и несочувствени што веќе и луѓето околу себе ги гледаме само како лица, како контури што поминуваат покрај нас, како појави што заземаат одреден дел во просторот, но не им дозволуваме да навлезат во нашиот простор, небаре се плашиме дека ќе нè заразат со некој нов вирус.

Како да се плашиме од самата близина, се отчовечуваме. Осамени и вовреви во себе, „си го гушкаме стравот како новороденче" и толку сме веќе сраснати со него што ни се чини дека ќе се изгубиме самите себеси ако направиме напор да се ослободиме од него. Среде таквата осаменост, поезијата се крева како можност за дијалог со другиот, со светот, како мост на кој можеме да се сретнеме и да си ги подадеме рацете и зборовите еден кон друг, за да почувствуваме дека не сме сами среде студенилото на светот:

Овие денови сме свесни

Дека светот има свој почеток и крај

Дека бесконечноста е

Со рок на траење

И дека таму, зад божилакот

Има место, има некаква биднина.

(„Колепката на светот")

Книгата почнува со одмерен и би рекла дури летаргичен тон, макар што пред нас се редат вознемирувачки стихови како вовед во стожерните теми што Огненовски ги распостила на страниците. Како низ отворена капија влегуваме во поетовиот свет, во нашиот свет што го гледаме низ окото на поетот. Низ неговиот пев ги препознаваме сопствените стравови, недоумици и болки. Го гледаме нашето минато како „гола емпирија за прелага". Ја гледаме сегашноста во која „злото има тело и ум, / Има чувство на припадност / Како и сето она што не го гледаме / А нè разјадува, нè раскинува." Сегашност која останува недофатна и нè остава гневни и порочни. Се плашиме од иднината, од нашата немоќ „да издишеме, да се надишеме", да ги наполниме градите и да запловиме кон посветли, озрачени предели. За да не дојде ден кога ќе се свестиме дека:

сега е доцна за сè...

сите наши приказни се сублимирани

во твитови и пораки


а биографиите се заклучени во постови

виновните ќе бидат новите пророци...

(„Виновни")

Како што се приближуваме кон крајот на пеењата, тонот се засилува, станува пожесток, остар и отсечен, како предупредување пред настапувачката и закануваčка иднина. Доколку не се свестиме дека веќе сме го допреле дното и дека нема каде подолу од оваа бездна во која се давиме: „Брановите ќе нè однесат таму каде што нема веќе луѓе, каде што растат непознати билки и се извишуваат остри карпи."

„Други далечини" е повик да го раскинеме веќе еднаш темното перде од своите очи и да го победиме колективното слепило. За да не потонеме во мракот на историјата, како никогаш да не сме постоеле.



Расказ

821.18(497.7)-32

АКВАРИУМОТ НА ПРОФЕСОРОТ

Ресул Шабани

Во 1937 година тешко се разболе. Есента Професорот се пензионира. Се повлече во малата соба на станот, некаде на периферијата на Њу Орлеанс, и повеќе не излезе од тука, до денот кога го извадија заедно со накитениот ковчег. Умре во 1963 година, во една задоцнета есен. Навистина таа есен имаше ситни врнежи од дожд и ветерот дуваше тивко од северозапад, но не се случи да скине некој лист од високите дрвја на шумата во близина. Ако се скршеше некоја гранка, тоа беше од старост на дрвото, а не од есенскиот ветер.

Новинарот, за волја на вистината, неколку години порано, се интересираше за едно интервју со стариот Професор. Овој не го прими никогаш, иако тој вложи многу напор. Една ситна жена што наближуваше кон педесеттите и што се грижеше за Професорот, помагајќи му во овие стари години, секогаш ќе го пречекаше новинарот кај вратата, не оставајќи го да влезе внатре. Му ставаше до знаење дека Професорот од поодамна не разменил збор со никого. Уште повеќе, додаваше таа, можеби и не е при свест. Според нејзиното кажување, тој повеќе личеше на жива мумија, одошто на човек што живее и мисли.

– Не знам каква чудна потреба ве тера да разговарате со него? Вие сигурно не знаете дека веќе десет години тој ниту видел човек ниту некој го видел него.

– За аквариумот дојдов, возврати новинарот. Цел град знае дека Професорот поседува аквариум со ретки видови риби.

– Не е вистина! Ама, кога ви велам, воооштo не е точно! Професорот нема такво нешто. Во оваа куќа нема никакви риби... а уште помалку некои ретки видови.

Освен новинарот и некои научници зоолози што живеат во овој голем град, како и некои други луѓе за аквариумот покажаа интерес. Но, со Професорот жив човек не контактирал, освен Пепелавата Жена. За него беа исплетени разни прикаски, некои дури сосема фантастични. Сит Љавдач беше прв кој се посомнева во вистинитоста на тие кажувања за аквариумот. Но, бидејќи овој беше еден денгубец што живееше многу добро, без никој да знае за изворот на неговите примања што ги трошеше по кафеаните на градот, не му веруваа. Љубопитноста на луѓето не бледеше, особено на зоолозите.

– Ете, добро, викаше Сит Љавдач во кафеаната „Делфин", – ете, да претпоставиме дека Професорот поседува еден таков аквариум, но со што ги храни тие риби? Потоа кој му ги носи од толку краеви на светот? Со каква пара ги плаќа. Пензијата си е пензија: за леб, млеко и некој лек! Толку!

– Пепелавата Жена, — возвратија како во хор.

– Но и таа не излегува од куќа, само во случај кога се снабдува со прехранбени намирници. Најдалеку што оди, тоа е кај касапот, но таму риба нема.

– Ноќе, ноќе може да излегува. Ноќе може да му ги носат. Ej, не се знае за оваа работа!

– Ноќе, велите вие! Па зарем јас само дење набљудувам, а? Само дење ли? Дење и ноќе, ноќе и дење стојам тука, околу куќата, и не сум видел жива душа да влезе или да излезе.

– Па ако тука нема трошка вистина, нема толку да зборува целиот град. Каде има чад, има и пламен. Треба да има вистина во тоа – викаа на глас присутните.

– Сите овие перипетии, продолжуваше Сит Љавдач, – не се ништо друго туку измислици без троа сол на тој лудиот новинар, кој бара сензации за да го продаде неговиот помочан весник. Слушајте го Сита! Нема никаков аквариум парализираниот Професор. Ова е вистината, друго нема.

Луѓето го гледаа зачудено Љавдач и, така сомнежливи, тонеа во длабоки мисли. Мислите им беа опседнати со аквариумот, дури и на тие кои не се разбираа од науката воопшто, а посебно од науката за рибите. Можеби ќе станеме познати во целиот свет, можеби некој голем научник што не сака да се здобие со слава за време на животот, туку повеќе му се допаѓа да му биде подигнат споменик по смртта. Повеќето од нив се такви, луѓе со идеали, зборуваа луѓето во градот.

Па кога ви велам јас! – настојуваше Сит Љавдач.

– Сето ова се измислици и лаги на тој ѓавол Новинар. Колку што јас знам, а јас знам многу, во нашиот град никој немаше проговорено за некаков аквариум на Професорот. Работите земаа друг тек од дента кога овој, проклетиот Новинар, ги изнесе во неговиот петпарачки весник неговите претпоставки дека пен-

зионираниот Професор, кој е парализиран и којшто уште боледува од сто и една, којзнае каква болест, поседува аквариум во којшто одгледува неколку многу интересни видови риби и се занимава со некои генетски проблеми од посебен интерес за науката. Но, сето тоа и тврдењата дека треба да се очекува некое скорешно епохално откритие, се неточни и без никаква основа. Впрочем, повеќето од оние што го тврдат ова и не го знаат значењето на зборот епохално – се трудеше да ги убеди Сит.

Годините си врвеа кроце, додека енигмата растеше. И, како за чудо, колку повеќе Сит Љавдачот го негираше фактот дека постои некаков аквариум што заслужува толкав интерес, кај луѓето љубопитноста се зголемуваше, земајќи широки димензии. Впрочем, еднаш се објави и еден многу интересен напис не во локален туку во централен весник. Овој напис, секако, ја поддржуваше идејата за постоењето на аквариумот. Сега не остануваше ништо друго, освен смртта на Професорот да овозможи да се открие мистеријата. Тоа беше причината што неговата смрт се очекуваше со големо нетрпение, нешто што инаку ќе беше голема недоличност. А, од другата страна, како за инает, годините се лизгаа многу бавно.

– Ќе видите, се смееше иронично Сит Љавдач.

– Штом ќе умре лудиот старец, ќе излезе на мое. Јас би ве замолил да не го заморувате повеќе умот со тој некаков аквариум, бидејќи него нема да го види- те никогаш. Тој не постои. Голема работа ако пишувал некој централен весник! Баш голема работа!

На крајот, стигна и годината 1963, година што ја носеше со себе и смртта на Професорот, смрт толку очекувана и толку сакана од некои. Беше смрт што се очекуваше со интерес, затоа и веста се прошири со брзина на светлоста. Веднаш една група новинари се најде во куќата на, сега, покојниот Професор. Меѓу нив, мораше да биде Сит Љавдач како и Новинарот, кој ја предизвика целата љубопитност. Утрото „седумката„ (седуммина броеше Советот за погреб), пристигна пред домот на покојниот. Вратата ја отвори Пепелавата Жена, малку натажена, малку уплашена и малку насолзена.

– Ние сме одредени да се погрижиме околу погребот на Професорот, – ѝ рече Новинарот на жената.

– Повторно ти? – се исчуди таа.

– Како да кажам, ете... – се изгуби Новинарот.

– Бездушник!, рече таа – лажливец. Вагабонт...

– Е, па... знаете, не сум виновен... пропелтечи тој.

– И, не само ти, тука бил и овој другиот! – викаше таа, покажувајќи со прст кон Сит Љавдач.

– Јас!? – се зачуди Сит.

– Ти, ти. Ти што цела ноќ се бесеше кај прозорецот на умореният старец, шпионирајќи го што работи во собата.

– Ми беше... – рече Сит, но таа го прекина со остар и прекорувачки поглед.

– Повелете! – рече на крајот Пепелавата Жена. – Господа, продолжи таа, да ви кажам дека со вчерашниот ден, законска и единствена наследничка на овој стан и на овој имот, сум јас.

– Дали некој сака да го погледне тестаментот?

– Ти веруваме, ти веруваме – рекоа едногласно.

Кога влегоа во првата соба, поминувајќи низ тесниот ходник, Пепелавата Жена им ги покажа столовите каде да седнат.

– Седнете – им рече. – Стрпете се малку, додека ви сварам кафе – и влезе во некоја од собите на куќата. За чудо на сите, никој не седна. Прв што се обиде да отвори некоја соба, повторно беше Новинарот. Вратите беа заклучени. Кога се доближи жената со кафињата што уште испуштаа пареа, Сит рече: Сакаме да го видиме покојниот Професор.

– Секако – рече таа – и отвори една од спротивните врати. Ја отвори со еден дебел и поцрнет клуч.

– Повелете, рече, и покажа со рака кон штотуку отворената соба.

Ниеден од седумтемина не се осмели да влезе прв. Прво очите се судрија со потполна темнина, потоа носот со некоја чудна миризба, што можеби потекнуваше од мувла или од расипани прехранбени намирници. Кога влезе Сит Љавдач, а потоа и Новинарот, имаа што да видат: една празна одаја со еден голем железен кревет во средина. Никаков друг мебел. Никаков. На тој кревет лежеше безживотното тело на Професорот. Беше покриен со една зелена покривка.

Штом се вратија во приемната соба, Новинарот ја праша Пепелавата Жена дали има можност да видат што има во другата соба, чија врата беше заклучена.

– Ништо– рече Жената – некои стари предмети. Две-три фотелји, една витрина и една комода.

– И ништо друго?

– И аквариумот – додаде таа – но, колку да знаете, сега е моја сопственост. Дали сакате да го погледнете... тестаментот?

– Ти веруваме, почитувана госпоѓо – рече Новинарот.

– Ќе беше добро да го погледнеме аквариумот – рече Сит Љавдач, кој беше побледел целиот, и на лицето немаше капка крв.

– Повелете! – рече жената.

Кога влезе во собата „седумката", значи Советот на погребот, виде една непокриена епрувета, чиешто дно не се гледаше. Горниот дел беше наполнет со бистра вода, како солза. Со кутии и дреца од кибрит, мајсторот на ова чудо беше направил макета на некој езерски предел во минијатура!

– Ете, овие убави куќи се на Охрид. Лево е Струга, а на десната страна е Свети Наум. Наспроти Охрид е Поградец. Овие остри врвови на кибритот го покажуваат Калишта. Професорот цело време седеше и работеше на овој објект. Крај оваа кутија јадеше, пиеше и спиеше – заврши Пепелавата Жена. – Дали сака некој да го купи? Го продавам.

Присутните останаа без здив.

Утредента, сите весници на Њу Орлеанс ја објавија веста за смртта на Професорот, со сите занимливости околу откриената енигма.

Љубопитните граѓани почнаа да дишат слободно.



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Весна Дамчевска Илиевска

Мојот мост

На мојата Црна Река,
Што везден си нè чека
Нечујно во себеси, си пека...
Како ли ги премости сите разделби и ги дочека
Сите средби, од сите страни на Светот,
Од обете страни на брегoвите,
Што вековно останаа еден крај друг,
А пак разделени...
Течат водите на мојата Река,
А јас везден одsидувам огради
Мостови градам
За да ги премостам сите јазови, јадови, адови...

Љубов мора!

Без љубов ништо нема
Како без боја, сиво, без живот,
Сè за љубовта се прави
Заради Неа се страда
Се станува простум
Се пропаѓа
Во срцето ко стрела гаѓа
Некогаш ранува,
Подранува
Задоцнува, се губи
И пак се љуби,
Таа е сè што ние не сме
Таа е почеток без крај
За духот е пекол и рај
Љубов мора,
Љубомора...
Мора некој да се сака
Да се вплоти подадена рака
Само така,
Љубов мора!
Ах, таа близначка
Како ноќна мора
ЉУБОМОРА...

Благопој

Како одек од стариот век
Како ноти мелем лек,
Се чипчиш во моите мемоари
Како да се тазе,
А не веќе пола век стари
Ги галиш моите напластени струни и катаден започнуваш нов рефрен, со боите на сите твои чеда, ја разбиваш секоја духовна беда,
Како опстануваш при секој пад, како го топиш својот јад,
До кога болката од секое подривање ќе ја трпиш
Од каде нов елан ќе црпиш?
Тоолку си голем велеграду мил, а така натрупан со кајгоде градби, некако стуткан си ми, си се свил,
Еве, нова пролет ми ти дојде,
А со неа секоја неола ќе прође
Ти само за себесиси и болка и лек,
Ти, мое Скопје, ме закрили ми подаде рака
Да ми те грее мајчинската љубов, како чедо што се сака!

Непремолк

Во окото Таа!
Како Вселена!
Ситна, прашинка, колку раска, ко врв од игла, а тоолку моќна, чиниш планетава е збрана,
Тој, ни орал ни копал, ама сеел пелин, што друг на срце си го клал.
Навидум смирен, ко мирна вода во океан, а првиот ветрец штом пирка, се крева во разорен бран, што сè пред себе носи, а најсетне, штом ќе стивне сè, ќе го снема, самиот ќе се покоси.
Таков е премолкот
што однатре толчи,
по умот везден си рие и не дава, не дава, мирно да се спие.
Затоа викни!
За мирот во себеси крикни!

Победете мили мои

Победете го тоа
Што во грлото ви стои
Та не може сè да се каже
Победете ја болката и раната на секој што е тажен
Горчината од секој збор лажен
Победете го стравот од напади разни
Од безобзирни и духовно празни
Победете сè што на патот ви стои
И тој што на правдина, зли думи ви крои
Победете се и себе си во својот возгордеан од
Во пориви и побуди од надојден гнев
И при сево ова, никако да не сторите намерен грев.

О, зборување

Како збогување од човечноста,
Како валкање на чесноста,
Како болест што од своето тело се храни,
Како растргање од волци и врани,
Како да нема кој да те брани,
Кога злото ќе наваса,
Кога казната за злозборот ќе те стаса...
Немој!
Се слуша еден, од умор замолкнат крик!
Немој, по туѓи души да риеш,
Ко волк пред трло да виеш,
Отиии, еден ден или поскоро
Нема да можеш мирно да спиеш...



Осврт

821.163.3-1.09:81'373.43(049.3)

КОН КНИГАТА „АВТОРСКИТЕ НЕОЛОГИЗМИ ВО ПОЕЗИЈАТА НА ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА“ ОД ЕЛИЗАБЕТА ЈОНЧИЌ

Гордана Јовиќ-Стојковска

Кога прочитаното ќе ве повика (поттурне) повторно да го исчитате во истиот ден, а патем да не станува збор за добар роман, силен поетски изблик, или добра приказна, туку за магистерски труд, јасно е дека во рацете имате вистинска скапоценост. Тоа е книга што ќе нè потсети и ќе нè подучи за нештата околу зборообразувањето (неологизмите можат да се восприемат и како јазикотворци) и на сериозно пристапување кон една извонредна авторка, поетесата Весна Мундишевска-Велјановска, која во своето поетско творештво исклучително вешто и умешно танцува со јазичните варијации, оставајќи им на читателите простор за соживување со нејзините јазични игри и нивно прифаќање во говорот, како посебност, како збогатување на јазичното богатство на македонскиот јазик.

Да тргнеме оттука: Што знаеме и колку ја познаваме поетесата Весна Мундишевска-Велјановска? Веројатно поголемиот дел од поширокатa македонска читателска публика, знаат малку. Таа не е вклопена во скопската шема на седенки и кругови, таа нема зад себе скандали и препукувања во списанијата или социјалните мрежи. Таа живее, работи и пишува во Битола, од одамна, уште како средношколка, кога беше забележителен учесник на книжевните манифестации на Книжевната младина на Македонија (организација од чии редови на виделина испливаа првенците на македонската книжевна елита во прочуената едиција „Алфа“).

Елизабета Јончиќ во своето дело не влетува во веќе испробаната пракса да го насочи своето истражување кон добропознатите и често обработувани македонски поети, туку се нафаќа сериозно да пристапи кон истражување во непознати длабочини, без изворници, без книги што би ѝ давале насока. Еден од мотивите е веројатно токму во поддршката на провинциското, не толку во смисла на територија, колку на она оставеното настрана, а во овој случај, уште повеќе, во поддршката на роднокрајното, во поддршката на тој често засенчен простор на творечко изобилие, кое книжевната критика и книжевната наука го прескокнуваат во своите истражувања, а до читателите надвор од авторовата поблиска средина и не допираат! Зошто? Просто затоа што не ни е тука, зашто не е наметлива, зашто твори во родната Битола и едноставно поради поетскиот вриеж во себе, а ние како да сме милји и векови оддалечени, бегло и ретко фрламе поглед подалеку од нашиот „огромен свет“ на себедоволност. Зашто сме станале мрзливи читатели; онакви што секавично прелетуваат врз понекој стих на социјалните мрежи, онакви што читаат куси записи и следат „сликовници“ по мониторите и другите екрани, онакви што книгите ги таложат на некоја полица велејќи си „ќе ја прочитам некој ден“.

Елизабета Јончиќ, писателка, поетеса, книжевен критичар, сега магистар, која неретко кон својата Битола (Новаци) патува со воз за така одвоена од секојдневните обврски непречено да исчита некоја од книгите што ги носи во торбата, или што ги добила на подарок од колегите, го препознала тој проблем на оддалечување од вредните нешта во нашето опкружување, на запоставување на сопствените богатства, и одлучила да се спротивстави, да истражи и да

ни укаже дека важни нешта се случуваат и надвор од „центарот“. Во петте поетски книги на Мундишевска-Велјановска, авторката евидентира четириесет и три неологизми, коишто ќе ги анализира според морфолошките карактеристики и категориите втемелени врз начелата за зборообразовните постапки (елементи) понудени од Блаже Конески, Лилјана Минова-Ѓуркова, Кирил Конески, Виолета Јанушева, Димитар Пандев и други македонски книжевни истражувачи, но, и со поткрепа на светската лингвистичка и книжевна елита, истражувачи што му посветиле сериозен пристап на овој феномен, толку чест и присутен во нашето секојдневие, пред сè во смисла на ширење на јазикот надвор од линиите на основната потреба да се именуваат нештата. Овие зборообразувачки постапки рапидно се појавуваат во чекор со цивилизацискиот растеж, од нештата што произлегуваат од основната потреба да се вклопиме во модерното време и да ги објасниме дејствата, но и за нас најважното, да ги уловиме, да ги начекаме, па да ги зборообразуваме нашите чувства, нашата мисла, што во нашиот свет се претвора во бркање збор, односно во нашата авторска игра да создадеме збор, зашто не постои сериозен автор што не трага по вистинскиот, по чудоносниот збор, збор што ќе го етаблира како сопствена муза.

Ако сериозно се загледаме во збогатувањето на јазичниот корпус не можеме да не го констатираме напливот на зборови преземени од други јазици под влијанија на медиумските сили, глобализацијата и развивањето на економски ресурси, понекогаш и повеќе од што е неопходно. На среќа лошообразуваните зборови не се вклопуваат во лексичкиот систем, па ни остануваат богатите ресурси на нашиот изворник, народниот јазик, архаизмите. Ако се осврнеме на обидот за категоризација на новосоздадените зборови на М. Радовиќ Тешиќ, понудени ни се лексички, лексичко-семантички и индивидулно-оказионалистички термини. Ако на првите два гледаме како на временска, цивилизациска неминовност, во третата група ги подредуваме зборообразовните единици на уметничките јазикоградби што со тек на време, низ препрочитувањата, низ можната употреба ќе се евидентираат во зборовниот корпус, или ќе останат како светкав бисер, белег на еден автор. Јончиќ со ова нејзино дело, преку творештвото на Весна Мундишевска-Велјановска ни нуди подлога врз која ние би можеле да се впуштиме во таква авантура за збогатување на нашиот јазик.

Книгата е составена од дванаесет целинки во кои Јончиќ со темелен истражувачки пристап ги обработува морфолошките и зборообразувачките карактеристики на пронајдените четириесет и три авторски неологизми. Анализата вклучува насочување кон самиот збор, но и кон неговото создавање во контекст на стихот. Авторката се осврнува на начините на формирање на овие зборови, на нивната структура и нивните значења. Со сеопфатен пристап и детална анализа ни ги предочува изворните можности на јазикот претставени преку креативноста на Мундишевска-Велјановска. Исто така, ги предочува и предностите на варијантните форми на изразување од морфолошки и зборообразувачки аспект заедно, со што открива една нова светлина врз структурата на јазикот со која привлекува внимание кон промените и новините во неговата употреба. Важно е да се истакне дека Јончиќ не само што ги воведува читателите во светот на авторските неологизми, туку и ги поттикнува на размислување за значењето на творечките изрази во литературата и начините на кои тие го збогатуваат јазикот „со нова смисла и со нови поими“.

Своите анализи, Елизабета Јончиќ ги поткрепува врз длабоки и темелни истражувања на важните дела на светски реномирани научни дејци, кои сериозно се занимавале со истражувања токму во оваа област. „Авторските неологизми во поезијата на Весна Мундишевска-Велјановска“ е навистина важно и несекојдневно дело, што ќе служи како иден водич, разоткривач на големата јазична магија: зборообразувањето. Ова дело е еден од тие бисери на кои ќе се навраќаат современиците, како и идните посветеници на лингвистиката, но и воопшто на пишаниот збор.

821.163.3-1

Санде Стојчевски


ПРЕКУ SИД

Исто па исто, уморна сестро,
префрли јаже.

Аште будет в ноштн гром
бргу во лов на искра,
оти е веќе смачено
на бога и на орача
околу појас да витка
разблажен јунаков наум.

Тој што низ градина шета,
пленик на деспот лале,
се уми преку sид,
може да донесе вести,
во сјајот на огледалото.

Исто па исто, уморна сестро,
да не се преполни морето!



Студија

82-193.09

КОНЦЕПЦИЈАТА НА ХАИКУ ПОЕЗИЈАТА

Драгана Евтимова

Песната е неделив елемент од животот. Во неа се вгнездени сите колективни и индивидуални, флуктуирачки елементи на годините низ коишто песната успеала да остане актуелна до денес.

Уметноста секогаш се редефинира, кога е во прашање дескриптивноста. Како суштински феномен, колективното прифаќање на стихот е еминентна социокултурна појава. Поетот ги црпи своите теми од длабоките колективни извори и гласно ги репродуцира. Моќта на конкретизација ја има и во хаику поезијата. Постојат безброј недефинирани прашања за обликувањето на збиената форма на овој вид песна. Метричката шема на јапонското хаику е распределена најчесто во скратената форма од три стиха: 5/7/5.

Во краткоста на стихот е содржана целосната суштина на метафизичката димензија. Сета лиричност служи како средство за постигнување одредени сложени, уметнички ефекти коишто содржат универзален карактер. Пресоздавањето создава невообичаена, посебна форма на духот што има одредена „емоционална" боја. Не се работи за општествени појави и нивните социјални карактеристики, туку за чистата перфекција на силата што смирува без драматичност.

Јапонското хаику успешно ја трансформира првобитната идеја и слика, така што значењето станува бесконечно и недостижно, а во него почнува да владее неизвесноста на смислата. Фундаменталната идеја на хаику поезијата е во принципот што ги контролира нештата однатре. Оваа појава на просветлување не е само интелектуален чин, издигнат над секојдневието, туку, пред сè, искуство што ја опфаќа целата личност. Затоа целта е сознание на духовната и материјалната стварност. Оваа дводимензионална етимологија функционира како материјален објект (слика, тон, волумен, гест или реченица), додека пак во и материјална смисла сугерира на нешто што е дадево во просторот и времето и имплицира невидливи објекти. Овој пат до срцето има духовно значење и автореализација и во македонската хаику поезија. Потребата за мир се изразува во една состојба за која сè уште не постои одреден поим.

Најчесто поетот го одбегнува директниот начин на искажување за да не се промени пораката и мелодиката. Токму поради тоа, зборовите се конзистентни и лишени од секаква нелогичност. Она што е надвор од нас е премногу суптилно и сложено, за да може да се искаже со секојдневната сиромашна комуникација. Хаику поетот има остро око, тој е сликар што прецизно, смислено и точно ја гледа линијата и така ја црта:

Колку себично –
две бубамари споени,
врз осамен цвет.[1]

Оваа директна сцена е според природата на своето значење. Во неа е обоен емотивно-интелектуалниот праизвор на една привилегирана положба на „две бубамари споени", смислата кон која се тежнее. Возвишеноста се наметнува во исповедна форма на уметничко кажување. Некое благо и смирено расположение се доживува однатре, во кое се сугерира силна динамика на смирен и ситуиран начин. Овој контраст восхитува со своето природно љубопитство и лапидарна лирска привлечност. Преку билансот на животот се ротира интелектуална порака со пошироки метафизички зафати.

Како уметност, хаику има свои рамки, врзани со природната перспектива во која медитациите нудат независност. Главната уметничка тенденција е конкретна и јасна музикалност, во којашто нема пренатрупување. Затоа, вредноста на песната не се менува, таа останува добро организирана, без дијалози, на прв поглед статично, а сепак духовните преокупации и доживувања со космичката поврзаност ја прават песната целосно добра. Психичкиот момент се случува природно и читателот е активно вклучен во тој момент. Јапонското хаику не дозволува лутања во непотребни мистификации. Напротив, сè си има свое место, каде што мистичноста има смисленост и целина. Можноста да се истражува до длабочината и од секое ново соединување да се гради порака, е само репер за сеопфатна поврзаност на светот и поетот во самото хаику.

Што се однесува до имагинативниот писателски стил: тој како да е конкретен и точно определен само во стиховите што ги читаме, како да не може да се излезе надвор од нив; кратките стихови како да се недоволно мотивирани и сосема празни; нема ком-

1 Никола Маџиров „Асфалт, но небо", Темплум, Скопје, 2003, 13.

парација и оставаат впечаток на замаглени предмети, сосема номинални и без душа. Но ниеден читател не може да остане толку рамнодушен како што навистина делува на прв поглед. Трансформацијата се случува кога се откриваат безброј асоцијации поврзани на симболичен начин со длабока уметничка смисла. Без наметнување, се откриваат обликувања однатре, возбуда во нашиот слух, ориентираност и медитации, цел, импресии и слики. Сето тоа е надополнување кон внатрешната атмосфера и откривање на повисоки цели и самоанализа. Ова развивање на формите во конкретен облик е само едно освежување што се издига над нас. Токму во хаику се преформулира онаа разлика за длабоко и свесно разбирање на човекот од една страна и рутинскиот (материјален) систем од друга страна. Сето сложено значење е еден автентичен начин за стварно сознание на себеси и светот околу нас; едно мото, една куса одмолка за сопствено соединување. Ова сложено значење е настојување за изразување и развој на сопственото Јас.

Двосмисленоста во јазикот го придобива читателот на индиректен начин. Така се обезбедуваат недвосмисленост и не постои ограничување; сè се движи од место во место, се надополнува и се осознава апстракцијата. Јазикот, како симбол од знаци, содржи своја флексибилност и непрецизност. Сета непрецизност и двосмисленост формира тонење во посебна форма на духот кон вонвременската просторност на бесконечната импликација. Сликовито претставено, сферите на човекот се неограничени и бескрајни, подредени на мапи и со иновативен метафизички ефект. Доминантното обележје е надвор од сетилните забележувања на човекот, во кое се чувствува космичкото време, бесконечната метафора и нашата способност да размислуваме во слики.

Чувството дека нашите мисли се слободни, неограничени, флексибилни, приспособливи и еластични во сопствената форма, се чини дека ништо не кажува повторно. Со задлабочувањето во себеси, ни помагаат појавите и предметите за набљудувањето и отелотворувањето што никогаш не престанува, кое е континуирано. Во однос на тоа Д. Т. Сузуки вели дека „Знаењето е невозможно без гледање; сето знаење потекнува од гледање."

Повторливоста на секое хаику е во медитациите. Тие се само начини за сопствено изразување и пат до мирен дух. Хаику е длабока медитација, извор на спокојство и смиреност со егзистенцијално-секојдневните прашања во светот. Методот на мирување е со универзална порака, со огромен мир и безгранична утеха и со најопшти вредносни судови дека сè е дозволено во поезијата. Навистина, стиховите се помалку достапни, помалку комуникативни и носат посложен вид порака. Поетскиот збор е овде попрецизен, а поетот грижливо ги конструира зборовите.

Затоа сите хаику песни се со куси и прецизни реченици и заслужуваат внимание. Со нив убедливо се нагласуваат потсвесните ставови до префинетост:

Знаци на патот.
Кажуваат насоки.
Скршнувам в поле.



Песна

821.163.3-1

МОРСКИ КАДАР

СНЕЖАНА СТОЈЧЕВСКА

Можам да пловам сама по мирни води,
но сакам кога го брануваш морето во мене.

Биди ветер во моите едра
моја плима и осека
биди молња и морнар,
галеб што ми заспива во косата.

Направи подеднакво да ми се мили утрата и ноќите.
Направи како сонце да го сакам сивото небо.
Секое утро со бакнеж отворај ми ги очите
како од школки бисери вади го најубавото од мене.

Пушти ги мрежите во моите длабочини
потони во мене како сонце што тоне во водата
создавајќи волшебни бои на хоризонтот.

Биди ми дете во утробата
и старец со кого крај огнот раскажуваме
приказни за младоста.

И кога ќе погледнеме наназад да ни биде мило
да речеме се боревме диво
да речеме живеевме живо
до последната клетка
до последниот атом среќа.

Би можела да пловам и сама по мирни води,
но толку е убаво кога го брануваш морето во мене.



Поезија

821.512.161(497.7)-1

ПЕСНИ

Рифат Емин

ДЕДО МИ РИФАТ

Во Радовиш
општеше со змии
и се договори
Во Истанбул
низ водите на Босфор
во случај кајчето да се преврти
за да не се удавиш
и да не те понесат морските струи
ги научи своите скромни пријатели
како да седат на вода

дедо ми Рифат
како sид застана
наспроти злонамерните погледи

името трае
и прераснува во смисла на живот
па настапува
една инаква загатка

сиот се сплотив
со универзумот
кон кој се оптегна и во кој нурна

ОХРИД

бел ден видов
Охрид го видов

МАНТРА

зборот на сржта
сржта на зборот
зборот на зборот
сржта на сржта

луѓето
дниве
тешко разбираат
едноставно не можат
како и да е
нишан на времето

таму каде престанува зборот
почнува молкот на духот
почнува суштината

судбината не може да се преведе

ВИНОТО НА ВЕЧНОСТА

многу испив
од виното на љубовта
а сепак недоволно
за да минам
низ брегови нежни
бесмртни
па затоа заповед му дадов
на себесвоето јас
да ги вкуси
водата на животот
од која се напи Хизир
па стана вечен,
и од виното на вечноста
накитено со бои на
вечното шарено
кое тлее
во душите
на доброчудноста
неразбрана...

ДВЕ ВЕЌИ

Понекогаш вселената ја збира помеѓу две веѓи
јас зарем сум сираче меѓу две гранки
или можеби ѕвездите го засладуваат
и стокмуваат колоритот на мојот пигмент
дури од Оркун до скопјанецот
Јахја Кемал
се протега мост
мостови
речни долини
планини



Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Румена Пупавац

КО УСВИТЕНА КОМЕТА

Од каде овој мрак во око
Дишам
А како да воздишам
Гледам
А ништо не гледам
И чекор по чекор
Далечината
Воздишката ја руши
Среќата се смее
Во срце и душа
А остануваат
Само
Длабоко во себе
Достоинството
И надежта
Што нас нè следи
Зошто
Животот е брз
Ко усвитена комета
Свети во лет
А потоа се губи
И полека згаснува

ЗНАЧЕЊЕТО

Сакам да те опишам
Со мои мисли
Да те накитам
Со најмиризливи
Цветови
Да ти подарам
Љубов и добрина
Да го почувствуваш
Мојот жар во душава
Пламенот
Што се пораѓа
Со крикот на муграта
Искри од сонови
Светат и лебдат
Како звезди
Треперливи
Над полињата
Жубори потокот
Кој полека истекува
Помеѓу радосните
Цвеќиња
На ливадата
Со огромна љубов
Кон природата
Мир и хармонија
За душата
Крстарејќи ги
Патиштата
Го барав светот
Каде само
Љубовта и надежта
Се споени
Во чисто срце
И благост
Како магична
Молња
Да блесне
И да го осветли
Значењето
Мојот сопствен свет
Полн со љубов
И сонови
Трајно скриени
Во чистата душа
На мелодичниот
Збор
Македонски

ЖЕЛНО ГОРАМ

Ме опиваш често
Со бистрината твоја
Како опиум ти си
До безумство мое
Само љубовта твоја
Копнежот мој
Го буди
Светлокрасна
Убавино
Преспанско
Езеро сино
Чудна си раскош
Ко судбината моја
Останав желна
Да чезнеам вечно
Твојот пејзаж
И чистина
Во мојата тага
Скриена
Оф, те гушкам
На далечина
И желно горам
За твојата близина
Твојата свежина
Благословена
Галичица
Горда и смела
Врз глава се истурил
Сончев жар
Златната круна
На Цара Самоила
Над Охрид
И Преспа
Вечно круната
Со Голем Град


ОД СОЛЗИТЕ СОСИДАВ СКАЛА

Ако срцето
Ти го извадат
И на ситни парчиња
Ти го здробат
Ќе се сториш
Карпа
Ни најголемите
Далги и бури
Нема да ја срушат
А солзите
Ах, солзите
Од солзите
Сосидав скала
До небеса да стигне
За вашите
Нечисти мечти
За вашите
Погани усти
За вашите
Алчни очи
За вашите
Злобни срца
За вашите
Расипани
Курвински
Клети души
А таму горе
Исус Христос
Ќе ве пречека
И нафора
Ќе ви подели
Од солзите мои
Ќе ве причести

ВИЕ МОЛЧИТЕ

И каменот
Пука се рони
Од силниот притисок
На ветрови и дождовите
А вие
А вие молчите
И земјата
Се затресува
И проговара
Со огнени јазици
А вие
А вие молчите





Поезија

821.163.3-1

ПЕСНИ

Цветанка Невчева

ЕХО НА ТИШИНАТА

Како листови од есенски календар,
се вртат деновите, едни по други.
Бесконечни почетоци, а секој ден ист е.
Додека во тишината се губи гласот на душата,
срцето-книга со избледени страници,
чува спомени како стари фотографии.

ИСИХИЈА

Јавни го коњот, за да ја стасаш
светлината на новиот ден.
Длабоко – вика темнината.
А мракот, во очите на сите се вселил.
Никој не пее, само мене ми се пее!
Но, кога те здогледав тебе,
за миг, и јас се сторив – тишина.
И тогаш завладеа ноќта
како никогаш до сега!

МОЛК

Молкот залуден ли е, кога
во срцето има рана што вришти ,
од бол свиен, закоравен што во распони се шири?
А во ирисот на окото, илјада солзи на повидок се!
Се трудиш да се насмееш, за да ме насмееш,
затоа што знаеш дека насмевката
е почеток на љубовта, ама залудно е сè,
одамна е изгубена нејзината моќ,
затоа што само тој што
може да ја слушне твојата тишина,
да ја почувствува твојата болка
и да ги избрише твоите солзи,
навистина знае да те љуби!
А ти веќе мене не!

УТРЕ Е ПОДОБРО ОД СЕГА

Со крила широко отворени
спремна сум за нов лет,
а тој ме води во недоглед!
И додека итам кон непознатото
што ме мами – ме довикува,
ангелски глас, со Божја милост,
кој ми вели – застани!
Надвор беснеат ветришта
и страшни бури,
а ти сега – тука остани,
во закрила моја, додека времето
убаво не се разјасни!
Затоа што утре е подобро од сега!

МИР

Тишината е молковен копнеж
исполнет со надеж.
Таа е непресушен извор на радост
на будните, но и на сонувачите со отворени очи.
И така додека сите спијат,
а ѕвездите се капат во небесната шир,
јас се прашувам која е главната состојка за мир
во овој денешен пир!
Мојот избор е радост.

КРУГОВИ

Ти се тркалаш од круг во круг,
без почеток и крај.
Белата патека, лажна и празна
се претвори во црна дупка без дно.
Девет кругови, како адски круг,
вечен лавиринт,
секој чекор, иста казна носи.
Белата боја е чистота измамлива.
Безнадежна благодат, зошто јас?
Во темнината на срцето
кое се дави од тага врескаш:
Каде е излезот за спас?

ПОМЕЃУ ОГАН И МРАЗ

Дали е внатрешен пламен
во растрепер една разбудена душа?
Како молња што се крие во облак бел,
чекајќи вистински момент за да избувне,
така срцето ми гори, јазици од жешка страст,
а умот ми се бори со сомнежи и со мраз.
Дали ќе ме изгори оваа жешка сила,
или ќе ме однесе на некое ново место,
каде што ќе можам да дишам слободно и чисто,
се прашувам јас?

ПОТКОВИЦА

Талкам во доцните ноќни часови
исполнети со реа на простодушност,
како патник без крајна цел.
Го слушам крикот на истрошените души,
некогаш со среќна потковица во рака,
сега со потковица под нога,
трчаат за да издвојат пирови победи,
но не свои, ами туѓи.
Бескрајна е бесконечноста на
манипулацијата на сетилата во обид
за урамнотеженост на денот и ноќта
кои се разидуваат без да се сретнат.

Осврт

СУПТИЛНИ ПРИКАЗНИ ОД ЛЕВАТА КОМОРА НА СРЦЕТО

821.163.3-32(049.3)

(КОН „ЛЕВА КОМОРА“ ОД ОЛИВЕРА НИКОЛОВА, ТЕМПЛУМ 2008)

Александра Јуруковска

Женски силно - се првите впечатоци по прочитувањето на збирката раскази „Лева комора“ од Оливера Николова. Се работи за веќе докажан мајстор на перото, многупати наградувана за своето дело (наградата „Стале Попов“ за „Тесни врата“, Рациновото признание за романот „Адамовото јаболко“, Роман на годината за „Куклите на Росица“ итн.).

Мотивите во 21 расказ од „Лева комора“ се различни, навидум обични и тривијални, но приказните испреплетени околу нив откриваат еден таинствен свет, затскриен зад некој мал предмет како повод за една приказна - видување. Расказите изнурнуваат од секојдневието и ги кинат неговите мембрани како мали парчиња стакло. Нивниот сјај се отсликува, шаренилото се шири и раздиплува во секоја реченица, со зрела одмереност и дозирање. Стакленцата личат на мали парчиња огледало. Огледалото е раскршено, секое парче покажува или отсликува различен лик, односно миг и секој отслик е свет за себе, но и целосна слика која може да опстои компактно како приказна за еден лик/човек, односно една жена.

Збирката почнува со насловниот расказ „Лева комора“ кој навестува суптилност доведена до совршенство, бавење со најдлабоки сеќавања, најлични размисли никогаш неискажани, слики никогаш појавени. Гледната точка е надворешна, нештата се прикажуваат однадвор, а раскажувањето е во ТИ-форма и тука лежи умешноста во поигрувањето со дискурсот и раскажувањето. Реченициите се стегнати, без непотребна дескрипција (опис), но сепак полни со емотивност, јасни до предупредување, набиени со уверливост и веродостојност добиена без кокетирање. Дијалогот скоро и да отсуствува, во текстовите главно постои еден глас што го води читателот и преку кој ја добиваме потребната информација за настанот, ликот, мигот. Нему не му е сопоставен друг глас или друга реалност. Се чини дека ова е прецизно смислена стратегиј - читателот да се заштити и да не му се помати вербата во веќе кажаното.

Раскажувачот раскажува за некој друг, за некое Ти, но сепак интимноста и уверливоста во она што го раскажува е толку голема што секое Ти може да биде сфатено како обраќање до мене, до тебе, до вас. Од друга страна, секое Ти може да е и имплицитна замена за Јас. Така, расказите можат да се прочитаат и како лични искажувања или внатрешни монолози на еден лик, на една жена. Потенцирањето на жената не е наметливо, иако таа е појдовната точка во суптилното сецирање на реалноста за која пишува Николова во „Лева комора“.

Низ мотивот на родното место и враќањето во него, мотивот на раѓањето и посведочувањето за тоа раѓање преку мирисот на крвта, потоа кујната како женски простор каде Таа ја добива привилегијата да чисти грашок или лук, во расказите се градираат чувствата, емоциите и пораките за: тивкоста на еден дождлив ден, болната интимност во чинот на миење на мајчините нозе, маневрирањето со сопружничките кодови и личната слобода, потрагата по моќта и немоќта при таа потрага.

Во расказот „Пазар“ изобилието на пазарот е повод за мала духовна наслада во гледање на она што другите не можат да го видат. Расказот „Фотографија“ е своевидна размисла за фотографирањето како свирепо моќно средство за себепреиспитување, за функцијата на насмевката како сончева емисија и грозоморно предупредување за лудилото. Потоа фигурата на Татко(то) како порака за минливоста на животот и трансформација на човекот од дете во човек и обратно. „Лева комора“ оперира со цел дијапазон познати симболи, кои преку раскажувачкото перона Николова добиваат нови значења: јасни и прифатливи, потресни, но и нормални, спонтани и природни.

Ацо Караманов

821.163.3-1

ПСАЛМ ЗА M-LLE LILI

Сега сум сам во својата соба и затоа ви пишувам.
Мојата соба е мрачна, мојата соба е тажна,
и само моето жолто перо шумоли по хартијата
радосно, како вљубено врапче.
Затоа, mademoiselle чујте ги моите стихови,
иако не се доволно испеглани
да капнуваат
како eau de colonge,
во вашето нежно, плус тоа, музикално уво.

Можеби ќе ви бидам толку прост
како чкрипењето на селска кола,
а вие толку убави
со нашминкани усни и душа
како портокал грчки.
Вие што имате 32 заба и фустан во боја на 'рѓосано злато,
вие, чиитшо гради се премногу тесни да го
пропуштат сонцето,
вие, чијшто глас звони како три хавајски мандолини,
чијшто глас е сладок како mocca torta,
слушнете ги сега моиве зборови, потопли од козјо млеко:
јас ли сум виновен што улиците на мојата душа се
ширум отворени
за оние што сакаат повеќе леб, повеќе сонце и небо.

Гледајте, моите очи имаат блесок на вашите
лакирани чевли,
моите уши се црвени од радост, како социјалистичкото
знаме,
зашто јас сум пијан од вашиот глас и поглед.

-Како се осмелувате?
-Но, mademoiselle,
та вашиот глас ми донесува три и пол кила радост,
и, иако сте поздодевна од стилот на Хорације,
јас ве сакам повеќе од своите цокули, црни како мртовечки коли,
па дури и повеќе,
повеќе од моеото кученце што се вика Bubi
и грациозно лае: ав, ав, ав!



Поезија

821.163.41-1

СКИЦИ ОД ПОЛАНИЦА

ЖЕЉКА АВРИЌ

ПРАЈАЗИК

На Кажимир Бурнаш

наесен птиците се преселуваат во молчење
уличниот џагор во попладневна дремка
повремено ќе одекне
длабокото дишење на тишината
живо е само во паркот
каде што почнува фестивал на лисјата
во нивното шушкање се гласовите на светот
во нив невидлив читач
ја листа севременската книга
барајќи го прајазикот
зборови по мера на срцето
разбирањето

шепотењето зрее во говор
заспивалката во молитви
гледај трубата го менува јуришот
се множат воздишки со забрзан пулс
тело во телото и плач на новородено
додека ги стиска тупаниците сеќавајќи се
на претходниот живот
на границите и безграничната слобода
на криковите на глутницата
на закланите јагништа
на разгазениот пат и патот што се бара
додека не поминат како јата низ
метаморфози и отелотворувања

дождовно е лицето на Читачот од паркот
тишината е неподносливо гласна
нешто се ближи кон крајот нешто сега почнува
додека ветрот ги развева лисјата во шепот
воздишки
молитви
до следниот ноември

ВТОРО ЈАС

На Виолета Танчева-Златева

Во тебе се препознавам
и жена и девојче
постара од сите мудрости
мајка на првиот грев
уште недозреан плод

во тебе се препознавам
одејќи спроти ветрот
враќајќи го внатрешниот часовник
во живот пред животот
дотаму и назад

во тебе се препознавам
и прва и последна

во гласот што ги довикува длабочините
во жедта со која царува тишината
по која ништо не останува

зашто ти си сета моја прозрачност
и црно семе на мракот во кој се барам
светлина која боли и темнина
која мене заслепена ме лекува

о да можам да бидам ти

МИГ

мигот застана во вечност
во 8 и 25
помеѓу различностите
и она што спојува
роден во моето дишење
во твојата лежерност
со гушнати погледи
на тлото што бега под нозете
со мирис на кожа
на топол здив
на невоможност

нималку случајно
не си се вмешавме во постоењето
одамна имам претчувство за таков
а ти немир поради таква
ниту залудно крај нас поминале
илјадници
ниеден сличен на тебе
ниедна налик на мене
не се барале
не се гледале без да трепнат
не се нашле во вечноста
сѐ до 8 и 25

во недостиг на зборови
очите зборуваа
насмевките
врвовите на прстите
навестување дека некогаш и некаде
во средбата што нема да се случи
во идниот живот
би можеле да траат подолго од миг
благодарни што ни е дадено и тоа малку
кое сега е толку многу
повеќе отколку што некогаш ќе имаме

неминовен беше тој миг
како и неговата
минливост

Препев од српски на македонски јазик:
Виолета Танчева-Златева



821.163.3-32(049.3)

МАНИФЕСТАЦИЈА „НОВ ДУХОВЕН МОСТ: НОВИ САД – СКОПЈЕ“

Во рамките на „Неделата на новосадските писатели“, на 13 декември 2024 година, со почеток во 19 часот, во Клубот на писателите во Нови Сад, се одржа манифестацијата „Нов духовен мост: Нови Сад–Скопје“. Притоа беше промовирана антологијата со поезија на српски и на македонски поети насловена „Нов духовен мост Нови Сад–Скопје“, која е објавена двојазично на српски и на македонски јазик. Издавач на антологијата е Друштвото на новосадските писатели, а беше заеднички проект во соработка со Друштвото на писателите на Македонија.

На промоцијата настапија: Ненад Шапоња, Селимир Радуловиќ, Иван Негришорац, Мирослав Алексиќ, Игор Мировиќ, Перица Милутин, Виктор Радун Теон, Сунчица Радуловиќ Торбица, Христо Петрески, Васил Тоциновски, Марина Мијаковска, Виолета Танчева Златева и Стефан Марковски. Модератор на манифестацијата беше Наташа Бундало Микиќ.

Во антологијата се застапени следните македонски поети: Весна Ацевска, Лидија Давидовска, Филип Димкоски, Васил Дрвошанов, Владимир Илиевски, Славчо Ковилоски, Ели Маказлиева, Стефан Марковски, Владимир Мартиновски, Марина Мијаковска, Ленче Милошевска, Кристина Николовска, Христо Петрески, Елена Прењова, Виктор Радун Теон, Диме Ратајкоски, Раде Силјан, Санде Стојчевски, Виолета Танчева-Златева, Љерка Тот Наумова, Васил Тоциновски, Катица Ќулафкова и Бранко Цветкоски.

М.М.



ИН МЕМОРИАМ

УДК 821.163.3-1

НАУМ БАЈО

Наум Бајо (30 април 1943 - 9 јануари 2025) е роден во Долна Белица, Струшко. Наум Бајо беше писател и новинар, дописник од Струга за дневниот весник „Нова Македонија“. Член на ДПМ од 2001 година. Автор е на следните книги: „Живот“ (1994), „Црвените птици над Рим“ (1995), прозата „Часовник од цвеќе“ (1997), романот „Камено сонце“ (2001) и драмскиот текст „Воз за Србија“ (2010). Во 2006 година Наум Бајо ја објави книгата публицистика „Новинарот нула тринаесет“, а во 2023 година издаде три томови од книгата „Мојата Струга“.

Наум Бајо

ЗА КРСТЕ КИТАНОСКИ-КАРЛОС

- Не ме карај мила мајко...

Заедно го врвевме животот - Струга, Белград, Минхен... Музиката му беше дар од Бога. Ангелски глас, му завидуваа многу познати пејачи. Ги пееше сите музички жанрови. Но, во срцето му налегнаа латино-американските (мексиканските).

Беше член на првиот струшки музички состав „Ел Корасон“ („Срце“) заедно со Владе, Стојанче и Љупчо Узун. Им пишував текстови за мексиканските песни. Почнувавме со песната „Струшките серенади“.

Во Белград во 1964 година стана член на мексиканскиот состав „Палома“. Со овој состав ја сними и грамофонската плоча на која се наоѓа и песната „Не ме карај мила мајко“, напишан на мој текст.

Како настана песната?

Во 1963 година од општината му подарија гитара, преку цел ден свиреше. Мајка му Вера многу се нервираше за тоа.

„Остави ја гитарата, земи книги, учи. Гитарата не дава леб“.

Најтежок ден во животот: Гитарата не ја најде дома! Ја најде на парчиња фрлена во кантата за ѓубре!

„Мајка ми ми ја скрши гитарата“ - ми рече со солзи и тага. „Напиши песна за тоа...“

Напишав песна, почнува вака „Не ме карај мила моја мајко, што те будам доцна во ноќта јас, што да правам ти таков ме роди, весел што сум јас во секој час. Ќе ти умрам нема да ме видиш“. Песната првпат заедно ѝ ја испеавме на мајка му. Таа заплака, му рече: „Прости ми Крсте, згрешив. Тебе те Господ надарил да свириш и пееш. Ќе ти купам нова гитара“.

Со оваа песна ги почнувавме серенадите, а ги завршувавме во мугрите кај познатиот струшки режисер и артист Димитри Миладин.

ПРЕДАВАЊЕ НА ТЕМА „НЕОЛОГИЗМИТЕ ВО ПОЕЗИЈАТА НА ВЕСНА МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА“

На 22 ноември во свечената сала на ДПМ се одржа предавање на тема „Неологизмите во поезијата на Весна Мундишевска-Велјановска“, на коешто м-р Елизабета Јончиќ говореше за зборотворењето во поезијата на Мундишевска-Велјановска. За книгата свои излагања имаа и писателката и издавач Гордана Јовиќ-Стојковска и м-р Марија Стојановска, асистентка на Педагошкиот факултет во Битола.

СВЕЧЕНО ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА ЗА НАЈДОБАР МЛАД ПРЕВЕДУВАЧ „ВАВИЛОН ЗПРМ“ ЗА 2024 ГОДИНА

На 30 ноември, во свечената сала на ДПМ се одржи доделувањето на Наградата за најдобар млад преведувач „Вавилон ЗПРМ“ за 2024 година, организирана од Здружението на преведувачите и толкувачите на Македонија. Добитници на Наградата „Вавилон ЗПРМ“ за 2024 г. се Тијана Алваџиоска и Иван Доневски за преводот од англиски на македонски на „Нашите сопруги под морето“ од Џулија Армфилд. Пред присутните се обратија претседателката на ЗПРМ, Лукреција Маљковиќ Атанасовска и претседателот на Организацискиот одбор на „Вавилон ЗПРМ“, Милан Дамјаноски.

ИНТЕРАКТИВНО ПРЕДАВАЊЕ НА АНА СТОЈАНОСКА НА ТЕМА „ДА ПИШУВАМЕ ЗА ТЕАТАР!“

На 10 декември во просториите на ДПМ се одржа интерактивно предавање на Ана Стојаноска на тема „Да пишуваме за театар!“. „Театар: предизвик, студии и есеи е книга создавана низ годините на моето учење на театарот. На едно место се собрани научни студии и есеи што го толкуваат театарот и некои од неговите најинтригантни феномени. Театарот е секогаш предизвик, особено ако се гледа/чита/интерпретира непосредно, одблизу, преку сопствениот научнотеориски инструментариум. Оваа книга дава преглед на моите истражувања поврзани со театарот и е учебник или водич во процесот на изучување на театарот, и на македонскиот и на светскиот. Книгава е напишана со желба читателите да го препознаат театарот како предизвик и да уживаат во неговото гледање, толкување, читање“, ќе каже Стојаноска.

ОТВОРЕН КОНКУРС ЗА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ДПМ ЗА 2024 ГОДИНА

УО распиша конкурс за доделување на традиционалните годишни награди на ДПМ за 2024 година. По конкурсот се пријавија вкупно 46 дела од писатели активни членови на ДПМ.

ПРИЕМ НА НОВИ ЧЛЕНОВИ НА ДПМ ВО 2024 ГОДИНА

УО во 2024 година изврши прием на нови членови на ДПМ: Милчо Мисовски, Искра Донева, Митко Гогов, Хана Корнети и Симона Јованоска.

ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ СО МАКЕДОНСКИТЕ ТЕАТРИ И КНИЖАРНИЦИ

ДПМ потпиша меморандуми за соработка со неколку македонски книжарници: „Матица македонска“, „Три“, „Антолог“, „Феникс“, „Чудна шума“, „Или-Или“ и „Полица“. Активните членови ќе имаат можност од 30 % попуст за купување на книги од овие книжарници. Беа потпишани неколку меморандуми со: МНТ, Театар Комедија, Драмски театар, Албанскиот театар во Скопје, Народниот театар во Битола, театарот „Јордан Хаџи-Константинов–Џинот“ во Велес, театарот „Антон Панов“ во Струмица и Театарот за деца и младинци во Скопје. . Активните членови на ДПМ ќе добијат 50% попуст за купени два билета од претстава.

ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

На 14 октомври се одржаа Отворените денови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ што годинава се во знакот на два големи јубилеја: 150 години од раѓањето на нивниот патрон – Крсте Петков Мисирков и 80 години од кодификацијата на македонскиот јазик и од Првото заседание на АСНОМ.

ПРЕДАВАЊЕ ЗА АЦО ШОПОВ ОД НАМИТА СУБИОТО

На 21 октомври словенечката македонистка и славистка Намита Субиото од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ одржа предавање на тема „Ацо Шопов во контекст на македонско-словенечките книжевни и културни врски во XX век и денес“.

ЈУБИЛЕЕН БРОЈ НА „СТРЕМЕЖ“

Во декември излезе најновиот јубилеен двоброј на Списанието за литература, уметност и култура „Стремеж“, што одбележа значаен јубилеј – 70 години печатење и објавување на внимателно избрани текстови од македонската и од светската литература. Според главната и одговорна уредничка на списанието Габриела Стојаноска-Станоеска, првиот дел од јубилејниот двоброј под насловот „70 песни – стремежплов низ 70 години ‘стремеж’“ носи реобјави на 70 песни избрани од различните броеви што излегле во текот на седумдесетте години постоење. Некои од тие песни се книжевните првини на денес етаблирани македонски книжевници, некои го имаат веќе статусот на уникатни книжевни артефакти што биле поттик за следните писателски генерации, а некои се проблесоци на новите поетски ѕвезди на македонскиот книжевен хоризонт. Тоа игриво пловење низ дециниите поетско творештво на ова тло е неодолива книжевна авантура и возбудливо читателско искуство за старо-новата публика читатели и состремежници. Во вториот дел од двоброј от во рубриката „Проза“, читателите можат да ги прочитаат најнови раскази како и извадоци од необјавените романи од истакнати македонски писатели. Рубриката „Критики есеистудии“ содржи два есеја, рецензија и студија. Ова долго опстојување на книжевната сцена, како едно од најстарите списанија во земјава, го прави „Стремеж“ стамен светилник што низ дециниите општествени промени го осветлува и го чува патот и растот на македонската литература. Незаменлива е неговата улога во афирмирањето, развојот и промоцијата на македонската книжевност, уметност и култура. Од редовите на соработниците на „Стремеж“ се излезени голем број еминентни македонски писатели, врвни научници и академици. Речиси нема автор во земјава кој во одреден период од сопствената книжевна кариера не објавил свои текстови на страниците на списанието. Преку „Стремеж“ во континуитет се афирмираат и нови гласови, млади писатели, литературни критичари, есеисти, историографи и историчари на уметноста, а, исто така, преку застапувањето на препевите и преводите, списанието врши функција и на едукатор на нашата јавност со актуелните книжевно-уметнички достигнувања, не само во Европа туку и низ светот, се наведува во соопштението.

„МАКЕДОНСКА ГЛАГОЛИЦА“ – ИЗЛОЖБА НА ПЛАКАТИ

На 8 декември во Националниот музеј на романската литература (MNLR) во Букурешт свечено се отвори изложба на плакати „Македонска глаголица“ на македонскиот уметник Лазе Трипков. Изложбата е отворена во рамките на Манифестацијата „Ден на македонскиот јазик“, со која беше одбележана 80-годишнината од официјализирањето на македонскиот јазик.

„ЗАМИСЛИ НОВ СВЕТ“, КОЛАЖ ОД ДЕЛАТА НА ГОРАН СТЕФАНОВСКИ

На 16 декември на Големата сцена на Македонскиот народен театар (МНТ) премиерно беше прикажана претставата „Замисли нов свет“, колаж од делата на Горан Стефановски, во режија на Нела Витошевиќ, а по драматизација на Ана Ристоска-Трпеноска.

РЕДАКЦИЈА

СТРИП НА „СТОЖЕР“, БР. 10





Милан Ѓурчинов (десно) и Божо Софрониевски (лево)
Скопје, 1977 година



Јадранка Владова



Светлана Христова Јоциќ и
Јован Стрезовски



Антон Попов, Михаил
Сматракалев и Ѓорѓи Абаџиев
(од лево кон десно), 1940
година



„Историја на Александар Македонски“, Репозиториум на ракописи Матенадеран, Ереван, Ерменија

ВРЕМЕПЛОВ

Пред 150 години

Излезе книгата „Речник од три језика с.македонски арбански и турски. Књига II. Написао Ђорђе М. Пуљевски... Мијак гаљички". Ова е еден од првите речници на македонски јазик, при што со него се дадени и албанскиот и турскиот јазик. Сите три јазика се пишувани со фонетски правопис и со кирилично писмо. Македонската кирилица користена во изданието се разликува од современата само во тоа што гласовите ќ и ѓ се предадени со буквите ћ и ђ, а гласот s е предаден со буквата з.

Пред 110 години

Роден е Антон Попов, поет и книжевен критичар, член на Македонскиот литературен кружок. Автор е на голем број стихови, раскази, есеи, репортажи, патописи, новинарски и публицистички текстови. Во судскиот процес против него е осуден на смрт и заедно со уште неколкумина комунистички дејци е стрелан од бугарската власт на софиското гарнизонско стрелиште во 1942 година. Забележени се неговите претсмртни зборови: „Умирам за еден нов свет, којшто ќе огрее со толку светлина, со толку убавина, така што мојата жртва за него не е ништо. Умирам горд со името на својот народ, за чиешто добро работев до последен миг, за чијашто добра иднина умирам". „Знаеш ли што е тоа убавина", реторички знаел да праша неговиот пријател Михаил Сматракалев, по што веднаш одговарал „нашиот Антон беше вистинска убавина, има и занес и тага во гласот на старецот. Кога минуваше по улицата, жените по него ќе се свртеа уште еднаш да ја видат таа стасита и преубава лика и прилика. Не стигна да ја заокружи ни дваесет и седмата година од животот, да ја доживее сопствената младост, единствена и неповратна, исправен пред смртта од куршумите на фашистичкиот режим".

Пред 100 години

Излезе првиот број на весникот „Македонско дело", весник на ВМРО (Обединета). Редакцијата ја сочинувале Димитар Влахов, Владимир Поп Томов и Павел Шатев. „...Ние знаеме дека во овој момент сите со сета душа протестираат против вандалштината на туѓите окупатори (завојувачи) – Грците, Србите и Бугарите. Белградските управители не ги засега несреќната положба на македонскиот народ, тие само ги засилуваат прогоните, обвинението, клеветите, затворањата... Ние го повикуваме македонскиот народ на вооружена борба, само така ќе се постигне ослободување и обединување на Македонија..."

Пред 80 години

Излезе првиот број на списанието „Нов ден", како гласило на Друштвото на уметници, научници и новинари. Од 1947 година станало издание на Друштвото на писателите на Македонија, а негови уредници биле: Владо Малески, Славко Јаневски, Блаже Конески, Ацо Шопов, Димитар Митрев, Коле Чашуле и др. Печатениот тираж на „Нов ден" изнесувал пет илјади примероци. Во првиот број е објавена статијата на Блаже Конески со наслов „Проблемите на македонската литература", што претставува прв македонски манифест за нашата современа литература, со акцент дека македонската книжевност од почетниот период преку средновековната литература, заедно со современата македонска литература, претставува една заокружена литературна историја на нашиот народ. На почетокот било решено списанието да излегува во десет броја годишно. Подоцна, како што минувале годините, така се менувале форматот и графичкиот изглед на изданието, но и бројот на страниците. Списанието престанало да излегува во 1950 година поради несогласувања со политиката на Друштвото, по што основачите, односно уредниците на „Нов ден" истапиле од него и независни продолжиле со публицистичката дејност, овој пат преку списанието „Современост", како директен наследник на „Нов ден".

Издавач:
Друштво на писателите на Македонија

За издавачот:
Живко Грозданоски
(претседател на ДПМ)

Редакција:
Славчо Ковилоски (главен и одговорен уредник)
Лилјана Пандева (лектор)
Марина Мијаковска
Делвина Крлуку
Стефан Марковски

Дизајн:
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

Печати:
Датапонс

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер" е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.

Ставовите во објавените текстови се исклучиво ставови на авторите.

На барање на поетите, дел од песните објавени во ревијата не се лекторирани.